МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ШТЕТА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ КОН ШТЕТА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД КРИВИЧНО ДЕЛО

СТУДЕНТ: ИВАН МЕДАРСКИ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М187022
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ

Свети Николе, 2019

Комисија за оценка и одбрана:

Ментор:

проф. д-р Александар Илиевски

Научна област: Облигационо право, одговорност и надомест на штета со посебен осврт на штета и надомест на штетата настаната од кривично дело

Датум на одбрана:

И З Ј А В А
од кандидатот

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи на Република Северна Македонија од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветниот стил на цитирање.

Изјавата ја давам под полна морална, материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

_____

Иван Медарски

СОДРЖИНА:

АПСТРАКТ.....9

Клучни зборови.....9

ABSTRACT 10

Key words 10

МЕТОДОЛОШКА РАМКА 11

Општествена оправданост на темата.....11

Предмет.....11

Цел.....12

Хипотеза.....12

Методи кои се применети во изработка на магистерскиот труд.....12

ВОВЕД.....13

ГЛАВА I: ИНСТИТУТОТ ШТЕТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

1. Историски развој на институтот штета во македонско-правната историја.....15

2. Настанување на облигациони односи поради причинета штета.....21

3. Страни на облигациониот однос настанат по повод причинета штета.....23

3.1. Штетник.....23

3.2. Оштетен.....31

4. Услови потребни за настанување на облигациониот однос настанат по повод причинета штета.....33

4.1. Општи услови за настанување на облигациониот однос настанат по повод причинета штета.....33

4.1.1. Штета.....34

4.1.2. Штетно дејствие.....40

4.1.3. Причинска врска.....42

4.2. Посебни услови за настанување на облигациониот однос настанат по повод причинета штета.....43

5. Основи на одговорност за причинетата штета.....44

6. Посебни случаи на одговорност.....47

6.1. Одговорност поради терористички акт, јавни демонстрации или манифестации.....47

6.2. Одговорност поради дела на корупција.....51

6.3. Одговорност за штета направена од меѓународни воени и други организации.....52

6.4. Одговорност на организаторот на приредби.....53

6.5. Одговорност поради недавање на неопходна помош.....55

6.6. Одговорност во врска со обврска за склучување договор.....56

6.7. Одговорност во врска со вршење работи од јавен интерес.....57

ГЛАВА II: ВИДОВИ И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

1. Видови на штета.....59

2. Поим за надомест на штета.....61

3. Надомест на материјална штета.....62

3.1. Видови на надоместување на материјална штета.....63

3.1.1. Враќање во поранешна состојба (натурална реституција).....63

3.1.2. Паричен надомест (вредносна реституција).....64

3.2. Обем на надомест на материјална штета.....65

3.2.1. Надомест на обична штета и испуштена корист.....65

3.2.2. Целосен надомест.....67

3.2.3. Намалување на надоместот.....68

3.2.4. Поделена одговорност.....70

4. Надомест на нематеријална штета.....71

4.1. Нематеријално надоместување на нематеријална штета.....71

4.1.1. Објавување на пресуда или исправка.....73

4.1.2. Враќање на работите во поранешна состојба.....74

4.2. Парично надоместување на нематеријалната штета.....74

ГЛАВА III: ШТЕТА И НАДОМЕСТОТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД КРИВИЧНО ДЕЛО

1. Кривично дело и кривична одговорност.....79

1.1. Поим и елементи на казненото дело.....79

1.2. Објект на казнено дело.....82

1.3. Субјекти на казненото дело.....84

1.4. Дејствие на казненото дело.....88

2. Правата на оштетениот во кривичната постапка.....89

2.1. Остварување на имотно-правното барање на оштетениот во кривичната постапка.....90

2.1.1. Привремени мерки за обезбедување на имотно-правно барање.....93

2.1.1.1. Привремено обезбедување спрема трето лице.....94

3. Постапка за надомест на штета причинета од кривично дело во граѓански спор.....94

3.1. Надлежност во спорови за надоместок на штета.....95

3.2. Тужба за надомест на штета.....96

3.3. Подготовка за главна расправа.....97

3.3.1. Претходно испитување на тужбата.....98

3.3.2. Доставување на тужбата до тужениот-штетникот на одговор.....98

3.3.3. Одржување на подготвително рочиште.....99

3.3.4. Закажување на главна расправа.....99

3.4. Главна расправа.....100

3.5. Пресуда.....100

ГЛАВА IV: ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....102

ЗАКЛУЧОК.....108

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....111

АПСТРАКТ:

Во рамките на мојот магистерски труд ќе биде разработен институтот штета во македонското право, видовите на штета и видовите надоместок на причинетата штета, а посебен осврт ќе дадам на штетата и надоместокот на штетата причинета од кривично дело.

Поголем дел од магистерскиот труд претставува сеопфатна анализа на македонската легислатива со која е уреден институтот штета, како и детална разработка на судските постапки за надомест на штета, односно од самото започнување на постапката па до конечно завршување т.е. судска пресуда.

Направено е истражување во поглед на судската пракса и постапките водени пред Основен суд Кочани во однос за надоместокот на штета за периодот од 1.1.2019 година до 1.11.2019 година.

Клучни зборови: штета, видови, надомест, кривично дело, оштетен, штетник, жртва, сторител, одговорност, тужба, вина, постапка.

ABSTRACT:

The institute damage in the Macedonian law shall be elaborated within my master thesis, types of damages and types of compensations for the caused damage, and I will give special review to damage and the damage compensation caused by criminal act.

Major part of the master thesis is an overall analyze of the Macedonian legislation which regulates the damage institute, as well as detail elaboration of the court procedures for compensation, or from the commencement of the procedure until the completion i.e. court verdict.

A research has been made regarding the judicial practice and the procedures conducted in front of the Primary Court Kochani in respect to the damage compensation for the period from 01.01.2019 to 01.11.2019.

Key words: damage, types, compensation, criminal act, damaged, victim, perpetrator, responsibility, lawsuit, guilty, procedure.

МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Општествена оправданост на темата

Општествените промени, како во нашата земја, така и во земјите од Европската Унија, кои настанаа во последните неколку децении, направија големи промени во правните системи и принципи кои важеа векови наназад.

Со настанатите промени, за кривичните дела одговараат, освен физичките лица, и правните лица кои со сторувањето на кривичното дело се стекнале со некаква корист или нанеле некому штета. Па, аналогно на тоа, со овие промени за штетата настаната од кривично дело може да се бара одговорност и од правните лица.

Измените на ЗКП во 2010 година исто така придонесоа за одредени промени со кои оштетениот од кривично дело го остварува своето право на надомест на штета од обвинетиот – штетникот во кривичната постапка.

Поради погоре наведените причини, но и поради општествената оправданост на темата која јасно се гледа од направеното истражување во Основен суд Кочани, со овој труд ќе се направи обид да се даде придонес кон теоријата и праксата.

Предмет

За да се постигне целта со обработка на оваа тема во магистерскиот труд, ќе се анализираат правните одредби кои се занимаваат со уредувањето на институтот штета, како и одредбите кои го уредуваат текот и начинот на водење на постапките за надомест на штета од страна на штетникот на оштетениот, а кои правни одредби се пропишани во Законот за облигационите односи, Кривичниот закон, Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка итн.

Преку историскиот приказ ќе се прикаже развојот на институтот штета во македонското право, и тоа од периодот на правото кое се применувало во југословенските простори во 19 и 20 век па сè до донесувањето на Законот за облигационите односи од 2001 година, кој се применува и денес.

Значи предмет на овој труд е институтот штета, надоместот на штетата, како тоа е предвидено во нашето законодавство и како теоретскиот дел се спроведува односно се рефлектира во праксата.

Цел

Целта на овој труд е анализа и разработка на различни ставови, теоретски модели, историски развој и регулативата која ја предвидува македонското право за утврдување и надомест на штета, со посебен осврт на штетата причинета од обвинетиот – штетникот кон жртвата – оштетениот со некое дејствие кое е окарактеризирано како кривично дело.

Хипотеза

Во трудот се тргнува од претпоставката дека со предвиденото право на жртвата – оштетениот да бара надомест на штета од обвинетиот – штетникот, покрај казнените санкции што му се предвидени со закон, претставува делотворно средство за намалување на одредени кривични дела односно одвраќање на сторителот на кривичното дело да го стори истото.

Методи кои се применети во изработка на магистерскиот труд

Заради комплетна обработка и професионално изработување на магистерскиот труд ќе се користат следниве методи, и тоа:

А) Анализа на содржината**:** со помош на овој метод ќе се анализираат националните легислативни одредби, првенствено Законот за облигационите односи, Законот за парнична постапка, Кривичниот закон и Законот за кривична постапка во кои се содржани одредби кои ја регулираат штетата и односот помеѓу оштетениот и штетникот. Понатаму, ќе се анализираат меѓународни одредби, содржини на научни трудови кои обработуваат теми од областа на оваа проблематика и статистички податоци. Од извлечените сознанија потоа со помош на методот на синтеза ќе се формираат конечни ставови и ќе се состави магистерскиот труд.

Б) Индукција: со овој метод ќе се изведат поопшти ставови и заклучоци откако детално ќе се проучат легислативните одредби и ќе се поврзат со праксата.

В) Компаративен метод: со кој ќе се изврши споредба и утврдување на сличностите и разликите меѓу теоријата и праксата.

Г) Синтеза: со која ќе се изврши соединување на податоците добиени со помош на претходните методи и составување на магистерскиот труд.

ВОВЕД

Во овој магистерски труд ќе биде разработен институтот штета во македонското право и надоместокот на истата, а посебен осврт ќе се даде на штетата настаната поради сторено кривично дело и судската постапка за надомест на штета причинета од кривично дело.

Во Глава 1 од магистерскиот труд најпрвин ќе стане збор за развојот на штетата низ историјата на македонското право, почнувајќи од правото кое се применувало на југословенските простори во 19 и 20 век па до денес. Потоа пишувам за настанувањето на облигациони односи поради причинување на штета, страните во тие настанати односи (штетник и оштетен), условите кои се потреби за настанување на тие односи (општи и посебни услови), видовите на одговорност за причинетата штета (субјективна, објективна, договорна и други останати одговорности).

Во Глава 2 од мојот труд пишувам за надоместот на причинетата штета. Најпрвин, теоретски се објаснети поимите за надомест на штета, материјална штета и нематеријална штета, потоа давам осврт кон критериумите во нашето право според кои тие се утврдуваат со кратка компарација со некои од европските правни системи за кои сметам дека се супериорни во овој поглед. Во делот за надомест на материјална штета пишувам за целите кои треба да се постигнат од овој вид на надомест на штета кон оштетениот од страна на штетникот односно одговорното лице (компензација и превенција), што може да бара оштетениот од штетникот кај овој вид на штета и по кои критериуми судот може да му досуди надомест (обична штета, испуштена корист, целосен надомест, намалување на надомест и сл.). Во делот на надомест на нематеријалната штета се објаснети законските основи за остварување на правото на надомест, условите за остварување на тоа право, видови и подвидови на нематеријална штета, критериуми кои влијаат при определување на висината на надомест на нематеријална штета, како и критериуми за утврдување дали воопшто постои нематеријална штета.

Во Глава 3 давам осврт на штетата која е последица од сторено кривично дело односно штетата која сторителот на кривичното дело ја има направено на жртвата. Напишани се, објаснети и коментирани законските одредби во Кривичниот законик на РМ, Законот за кривична постапка, Законот за облигационите односи и Законот за

парнична постапка кои го уредуваат односот на штетникот – сторителот на кривичното дело и оштетениот – жртвата, судските постапки преку кои жртвите на кривично дело можат да го остварат правото на надомест на штета во македонското право.

На крај од трудот во Глава 4 е презентрано истражувањето направено во Основниот суд во Кочани, кое истражување ќе биде анализирано низ статистички преглед и разработка на постапките водени пред Основен суд Кочани за периодот од 1.1.2019 година до 1.11.2019 година, а се однесуваат на надомест на штета причинета со кривично дело.

ГЛАВА I: ИНСТИТУТОТ ШТЕТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

1. Историски развој на институтот штета во македонско-правната историја

Историскиот развој на институтот штета во македонско-правната историја може да се подели во четири временски периоди, и тоа: 1) Правото кое се применувало на југословенските простори во 19 и 20 век, 2) Право кое се применувало во периодот од донесување на Законот за неважност на правните прописи донесени пред 6 април 1941 година и за време на непријателската окупација до донесување на Законот за облигациони односи во 1978 година, 3) Право кое се применувало во периодот од донесувањето на Законот за облигациони односи од 1978 година до донесувањето на Законот за облигациони односи од 2001 година и 4) Од донесувањето на Законот за облигационите односи од 2001 година па до денес.

Во периодот на 19 век, на територијата на СФРЈ се применувале три граѓански закони, и тоа: 1) Австрискиот Општ граѓански законик од 1811 г., 2) Српскиот Граѓански законик од 1844 г. и 3) Општиот имотен законик на Кнежевството Црна Гора од 1888 г. Нашата земја Македонија отстапувала од примената на овие три граѓански закони бидејќи во текот на 19 век Македонија се наоѓала под турска власт и како дел од Отоманската Империја сè до крајот на Втората балканска војна (1913) во примена било отоманското право и македонското обичајно право. Правните правила на овие правни системи во македонското право навлегуваат во 20 век, поточно од 1913 до 1944 година, период во кој денешна Република Македонија била дел од политичкиот систем на Кралството Србија, а подоцна дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и Кралството Југославија.

Српскиот Граѓански законик од 1844 г. претставувал скратен превод на австрискиот Општ граѓански законик и како таков ја следи систематиката и ја пресликува содржината на истиот. Во поглед на систематиката српскиот Граѓански законик е поделен на три дела: За личните права (прв дел), За стварните права (втор дел) и Општи одредби за личните и стварните права (трет дел). Правилата за граѓанско-правна одговорност се наоѓаат во вториот дел од Законикот, во посебна глава (Глава XXX) со наслов: За надомест на причинета штета. Основната (начелната) одредба со која Законикот ја уредува граѓанско-правната одговорност за причинета штета е членот 800 кој гласи: „Кој на друг

ќе му причини каква било штета, било да е штета на туѓ имот или права и личност, тој мора да ја надомести.“ Со оваа одредба српскиот Граѓански законик, исто како и австрискиот,[1] востановува обврска за надомест на штета причинета на имот, права или личност, односно надомест како на материјална така и на нематеријална штета.

Општиот имотен законик на Кнежевството Црна Гора од 1888 г. во својата систематика опфаќа шест дела и повеќе оддели во нивни рамки. Правилата за граѓанско-правна одговорност ги наоѓаме во Четвртиот дел: „Општо за договорите, како и за другите работи, дела, извори од кои потекнуваат долгови“, поточно во следниве два оддела на Четвриот дел: Оддел III: За последиците од неизвршување или неправилно извршување на договорите (чл. 540 – 549), каде што е уредена договорната одговорност, и во Оддел V: За долговите кои произлегуваат од противправни дела (чл. 570 – 585). Она што не можевме да го најдеме во Општиот имотен законик, за што се чини дека се сосема непознати категории за истиот, се нематеријалната штета и објективната одговорност.[2] Поради тоа можеме да заклучиме дека секоја нематеријална штета, без разлика од каков случај на одговорност настанала, е ненадоместлива според овој Законик исто како и секоја штета чиешто причинување не може да се препише на некој вид вина (намера, крајно или обично невнимание) на одредено лице.

Право кое се применувало во периодот од донесување на Законот за неважност на правните прописи донесени пред 6 април 1941 година и за време на непријателската окупација до донесување на Законот за облигациони односи во 1978 година претставува посебно значаен период за развојот на институтот граѓанско-правна одговорност за причинета штета, а тоа бил периодот по донесување на Законот за неважност на правните прописи донесени пред 6 април 1941 година и за време на непријателската окупација.[3] Овој закон бил донесен од страна на Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ, на 23.10.1946 година. Со него биле ставени вон сила сите правни прописи на Кралството Југославија донесени пред 6 април 1941 година (чл. 2), а правните прописи кои биле донесени за време на непријателската окупација биле прогласени за непостоечки (чл. 1). За да не се остави новата држава целосно без правна регулатива, членот 4 од истиот закон давал можност правните правила кои биле ставени вон сила сепак да можат да се

[1] Австриски Општ граѓански законик, §1293 во врска со §1295.
[2] Што не значи дека некои одредби не може и не биле толкувани во таа насока.
[3] Службен лист на ФНРЈ, бр 86/46.

применуваат, само доколку не се во спротивност со Уставот и останатите важечки прописи како и со начелата на уставниот поредок на ФНРЈ. Законската одредба од член 4 била надополнета и со едно решение на Врховниот суд на ФНРЈ. Според ова решение: „Законскиот израз 'можат да се применуваат' значи дека судијата е должен во секој поединечен случај за кој одлучува, да утврди дали примената на одредено правно правило содржано во стар закон би била допуштена во смисла на членот 4 и, доколку смета дека примената би била спротивна, судот мора тоа посебно да го образложи повикувајќи се на пропис, установа, практично-политичка задача и други принципиелни одлуки на поредокот на кои таквата примена се спротивставува. Судот не може општо и необразложено да одбие ваква конкретна оцена, поаѓајќи од апстрактно гледиште дека одредено правило од стар закон не важи како правно правило."[4] Во новонастанатите услови во рамките на правниот систем на Југославија „...правото на Југославија за надомест на штета доживеало вонреден развој. Поради укинувањето на тие прописи судството станало многу повеќе слободно. Можело врз основа на основните начела да развива правни институти во согласност со потребите на животот и во согласност со напредокот на целото општество."[5] Во одредени случаи ставовите на судската пракса не претставувале само дополнување и развивање на постоечките основни начела, туку значело и уредување на одредени прашања различно од нив. Таков е примерот со прашањето за надомест на испуштена корист. Во законите кои се применувале само како правни правила било предвидено дека правото на испуштена корист може да се признае само под услов штетата да е нанесена со намера или крајно невнимание.[6] Во пракса судовите ретко го применувале ова правно правило, а во односите помеѓу трговските друштва според Општите узанзи за промет на стока усвоено било начело дека треба да се надомести вистинската штета и изгубената добивка, за која е извесно дека би настанала односно дека би се остварила, без оглед на степенот на вина на штетникот.[7]

Како извор на правни правила со кои се регулирала граѓанско-правната

[4] Решение на Врховниот суд на ФНРЈ Гз.24/1951 од ноември 1951, Збирка на одлуки на врховните судови 1945-1952, книга I, Белград, 1951, бр. 145, стр. 160, цитат според Зборник на граѓанските закони на стара Југославија, Титовград, 1960, стр. 1

[5] Енциклопедија на имотното право (прв том), Белград, 1978, стр. 402

[6] Овие правни правила се содржат во чл. 819 од српскиот Граѓански законик и чл. 1331 од австрискиот Граѓански законик.

[7] Кукољац М., Раличич Т. (1969). Прирачник од судска пракса на позитивните прописи и правните институти од областа на граѓанското право. Белград, стр. 159.

одговорност за причинета штета во периодот за којшто зборуваме се јавуваат и Општите узанзи за промет со стоки,[8] кодификувани обичаи во 1954 година од страна на Главната државна арбитража (подоцна преименувана во Врховен стопански суд на Југославија). Од моментот на нивното донесување па сè до стапувањето во сила на Законот за облигациони односи од 1978 година тие имале улога во пополнување на правните празнини за уредувањето на прометот на стоки и вршењето на стоковни услуги и биле широко прифатени од сите учесници во правниот промет. Во поглед на граѓанско-правната одговорност за причинета штета тие содржеле правила со кои се регулирале посебни случаи на договорна одговорност за причинета штета, утврувале низа правила за стандарди, мерки на безбедност, квалитет на стоката наменета за пазарот и утврдувале надомест на штета како санкција, за која се применувале општите граѓански правила за надомест на штета.

Примената на правните правила, а преку нив и реинкарнацијата на австрискиот Општ граѓански законик и српскиот Граѓански законик која била присутна во правниот живот на подрачјето на поранешните југословенски републики повеќе од триесет години била окончана со стапувањето во сила на Законот за облигациони односи од 1978 година.[9] На донесувањето на овој закон му претходела долгогодишна работа на полето на облигационото право, најдобро изразена преку нацртите кои не станале законски текстови, но имале значење за донесувањето на овој закон. Во оваа смисла, како претходници на законот се јавуваат Нацрт-законот за надомест на штета од 1951 година и Скицата за законик за облигации и договори од 1969 година, чијшто автор е професорот Михајло Константиновиќ. Овој закон се применува во Република Македонија и по осамостојувањето во 1991 година, односно согласно со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија од 1991 г., сојузниот Закон за облигациони односи од 1978 г. се применува како републички закон до донесувањето и влегувањето во сила на Законот за облигациони односи од 2001 г.

Основен извор на позитивно право во Република Македонија со кое се уредува граѓанско-правната одговорност за причинета штета е Законот за облигациони односи од

[8] Службен лист на ФНРЈ бр. 15/1954.

[9] Односот на овој закон како сојузен закон спрема законите од оваа област на републиките бил уреден согласно со чл. 281, ст. 1 точка 4 од Уставот на СФРЈ и чл. 24 од Законот за облигациони одоси од 1978 г.

2001 г., а нови и модерни решенија во институтот граѓанско-правна одговорност посебно внесува Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи од 2008 г. (во понатамошниот текст Новелата на ЗОО).

Општа одредба на која е заснована граѓанско-правната одговорност претставува чл. 9 од истиот според кој: „Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета.“ Начелото утврдено со овој член се смета како право на нормативна етика: Не нанесувај штета на друг. Меѓутоа овде се работи за правно правило со кое се определува правна должност. Санкцијата од повредата на таква должност е предвидена со другите одредби на ЗОО (чл. 141 и натаму, чл. 251 и натаму).

Во систематиката на македонскиот Закон за облигациони односи од 2001 година (во понатамошниот текст ЗОО)[10] причинувањето на штета како извор на облигационите односи е уредено во Глава II од Делот 1, која носи наслов „Настанување на обврските“. Во оваа глава се уредени сите основи за настанување на обврските, систематизирани во посебни оддели.[11] Одделот 2 се однесува на облигационите односи кои настануваат со причинување на штета со граѓанско-правен деликт. Тоа е основа за одговорност која во правната теорија се нарекува вондоговорна (деликтна) одговорност, а облигациониот однос настанува помеѓу страни кои дотогаш не се наоѓале во меѓусебен облигационен однос. Кога помеѓу одредени лица постои некаков облигационен однос (договорен однос, настанат со работоводство без налог итн.) и во врска со тој однос едната од страните ѝ причини штета на другата страна, помеѓу нив настанува облигационен однос со причинување на штета кој се уредува со посебни одредби од ЗОО. Тие се наоѓаат во Глава III, Оддел 1 со наслов „Доверителови права и должникови обврски“, Отсек 1 со наслов „Право на надомест на штета“.[12] Одговорноста за штета што настанува врз основа на повреда на постоечки облигационен однос во правната теорија се нарекува договорна одговорност, а причината за тоа е што во најголем дел облигационите односи со причинување на штета помеѓу страните на постоен облигационен однос настануваат со повреда на договорните обврски, од страна на еден или, пак, двајцата договарачи. Иако теоријата ја именувала како договорна одговорност, сепак несомнен е фактот дека денеска под овој поим се подразбира одговорноста на носителот на обврска што произлегува од

[10] Законот за облигациони односи е објавен во Сл. весник на Р Македонија, бр. 18 од 5.3.2001 год.

[12] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, од чл. 251 до чл. 269.

веќе постоечки облигационен однос, што значи дека оваа одговорност се јавува не само како одговорност на договарачите за обврските што произлегуваат од договорниот однос, туку и како одговорност на страните на облигационите односи стекнување без основа, работоводство без налог и едностраните изјави на волја за исполнување на обврските од тие облигациони односи и токму во рамките на правните норми кои ги уредуваат облигационите односи наоѓаме и посебни правни правила за одговорност на страните во овие случаи.[13] Правила од ЗОО кои ја уредуваат одговорноста на должникот за штетата што ќе му ја причини на доверителот со неисполнување, неправилно исполнување или задоцнување со исполнување на обврската се наоѓаат во Глава III (Дејствија на обврските).[14]

Релативно нови решенија за договорната одговорност во овој институт внесува Новелата од 2008 година. Тие решенија уредуваат некои од основните прашања на договорната одговорност, односно ја уредуваат можноста за ослободување од одговорноста за штета и обемот на надомест на штета. Предвидувајќи можност должникот да се ослободи од одговорност ако докаже дека не ја исполнил обврската односно задоцнил со исполнување на обврската поради вонреден настан што се случил по склучување на договорот, а не можел да го спречи, избегне или отстрани (виша сила),[15] нашиот институт на граѓанско-правна одговорност се усогласува со соодветниот институт во меѓународните правни акти. Усогласувањето е постигнато и со предвидувањето на право на доверителот на „...надоместок на обичната штета, испуштената корист, како и на справедлив паричен надоместок на нематеријалната штета кои должникот...“[16] со што поимот нематеријална штета станува сврзлив и со договорната одговорност, како што тоа е направено со измените на германскиот Граѓански законик и во Принципите на европското договорно право кои беа објавени во 1994 година (PECL).

Како заклучок од погоренаведеното може да кажеме дека според местото што граѓанско-правната одговорност го има во нашиот ЗОО, истата има двојно уредување. Од една страна се уредени односите настанати со причинување на штета со граѓанско-правен деликт (вондоговорна, деликтна одговорност за штета), а од друга страна со посебни

[13] На пример чл. 211 од ЗОО со кој се уредува должното внимание и одговорност кај работоводството без налог и други одредби

[14] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, од чл. 251 до чл. 258.

[15] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 252.

[16] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 255.

одредби се уредуваат односите настанати со причинување на штета со повреда на постоечка обврска (договорна одговорност), со тоа што „...доколку со овие одредби поинаку не е пропишано, врз надоместот на штета сообразно се применуваат одредбите на овој закон за надомест на вондоговорна одговорност.“[17]

2. Настанување на облигациони односи поради причинета штета

Според римската максима „Omnis enim obligatio vel ex contractu nascitur vel ex delicto”[18] – секоја облигација настанува или од договор или од деликт.

Во Законот за облигационите односи како основен извор на позитивно право во Република Македонија со кое се уредува граѓанско-правната одговорност за причинета штета, причинувањето на штета како извор на облигационите односи е уредено во Глава II од Делот 1 која носи наслов „Настанување на обврските“. Во оваа глава се уредени сите основи за настанување на обврските, систематизирани во посебни оддели; така, во Оддел 1 е уреден договорот како основа за настанување на обврските, во Оддел 2 е уредено причинувањето на штета, во Оддел 3 стекнувањето без основа, во Оддел 4 работоводството без налог, а во Оддел 5 едностраната изјава на волја како основи за настанување на обврски. Ваквата дикција на нашиот ЗОО упатува на заклучокот дека тој избрал пристап на одделно уредување на посебните видови облигациони односи во зависност од изворот односно од облигационо-правниот факт кој е претпоставка за нивно настанување, за разлика од други правни системи во кои постои четвороделна поделба (Јустинијановата кодификација содржи поделба на изворите на облигациите на договори, деликти, квазидоговори и квазиделикти) или петоделна поделба на изворите како во францускиот Code Civil од 1804 г. кој ја прифатил Јустинијановата класификација и додал уште еден извор, петти по ред, а тоа е законот.

Во правната теорија во најголем дел е застапено мислењето дека за да настане граѓанско-правна одговорност потребно е да се исполнат три услови, и тоа: 1) да постои штета на некое лице или на добрата во негова сопственост; 2) штетата да биде причинета

[17] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 258.
[18] Гај, Inst. 3,88

со противправно дејствие или со пропуштање на некое дејствие на причинителот на штетата и 3) да постои причинска врска помеѓу противправното дејствие и штетата (каузалитет).

Полноважното настанување на еден облигационен однос во правната теорија се условува со кумулативно постоење на три претпоставки:[19]

- страни на облигациониот однос кои се нарекуваат штетник (носител на обврската или должник) и оштетен (носител на побарувањето односно доверител);

- предмет на односот кој во овој случај се состои во одредено давање (dare) или сторување (facere) и

- постоење на одреден облигационен факт (извор на облигациите), а во овој случај тоа е причинувањето на штета (фактички да биде предизвикана штета) кое според одредени автори е примарен елемент (претпоставка) за настанување на овие односи.[20]

Постоењето на трите претпоставки, заеднички за сите облигациони односи (страни, предмет и облигационен факт), како и исполнетоста на трите општи услови во врска со штетата како облигационен факт (настаната штета, штетно дејствие и причинска врска односно каузалитет) сè уште не доведува до конечно настанување на облигационен однос. Потребно е да биде исполнет барем уште најмалку еден т.н. посебен услов којшто воедно го определува и видот на одговорност за причинета штета,[21] односно да биде пропишана одговорност на сторителот за предизвиканата штета (секундарен елемент).[22]

Најзастапени видови на одговорност во нашиот ЗОО се: 1) субјективната одговорност, каде како посебен услов се јавува постоењето на вина и 2) објективната одговорност, каде како посебен услов во овој случај законот го предвидува постоењето на опасна ствар или вршењето на опасна дејност. Покрај овие два вида кои се најчести, се јавуваат и други видови на одговорност, за кои ќе стане збор во понатамошто излагање во овој труд.

---

[19] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 142; Групче А. (1985). Имотно (Граѓанско) право, Општ дел. Скопје: Култура, стр. 103-104

[20] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 269

[21] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 527

[22] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 269

3. Страни на облигациониот однос настанат по повод причинета штета

Како и кај сите облигиациони односи, така и кај облигационите односи настанати по повод причинета штета имаме најмалку две страни.

Во облигационите односи со причинување на штета должникот и доверителот добиваат свои посебни називи и должникот станува штетник, а доверителот станува оштетен. Штетник и оштетен во овие облигациони односи можат да бидат физички и правни лица во согласност со одредбите на ЗОО.

3.1. Штетник

Штетникот во одредбата во чл. 141 од ЗОО е дефиниран како „тој што ќе му причини штета на друг“. Од оваа одредба произлегува дека секое лице, правно или физичко, може да биде штетник кој може да причини штета.

За да постои одговорност на физичко лице, потребно е тоа да има способност за расудување. Така, малолетник, до наполнета 7-ма година не одговара за штетата што ќе ја причини. Малолетник од 7 до наполнети 14 години не одговара за штета, освен ако се докаже дека при причинувањето на штетата бил способен за расудување. Малолетник со наполнети 14 години одговара според општите правила за одговорност на штетата.[23]

Според одредбата од ст. 1 од членот 147 од ЗОО, деликтно не се способни малолетници до наполнета 7-ма година, така што тие не одговараат за штетата што ќе ја причинат. За штетата што тие ќе ја причинат одговараат нивните родители,[24] односно друго лице кое над малолетникот врши надзор.[25]

Во членот 152 од ЗОО е регулирана одговорноста на родителите за детето до наполнетата 7-ма година и одговорноста на родителите после наполнетата 7-ма година на детето. Одговорноста на родителите до наполнетата 7-ма година на детето е објективна т.е. тие одговараат без оглед на својата вина. Тие можат да се ослободат од таа одговорност ако постојат причини содржани во одредбите од чл. 163 од ЗОО, т.е. ако

[23] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 147.
[24] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 152 и чл. 155.
[25] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 154.

постои виша сила или штетата настанала со дејствие на оштетениот или на трето лице или ако оштетениот делумно придонел за настанувањето на штетата. Родителите не одговараат ако штетата настанала и додека детето му било доверено на друго лице и ако тоа лице е одговорно за штетата. Значи, ако на другото лице му биде доверено детето и тоа лице пропуштило да го врши должниот надзор врз детето, во тој случај тоа лице ќе биде одговорно за штетата. Меѓутоа, ако детето причинило штета и покрај тоа што тоа лице го вршело должниот надзор, во тој случај родителите не можат да бидат ослободени од одговорноста за штетата што ја причинило детето, бидејќи лицето на кое му е доверено детето во таков случај нема да одговара за штетата.[26]

Ако должноста за надзор над малолетно лице не е од родителите, туку од некое друго лице, оштетениот има право да бара надомест од родителите кога штетата настанала поради лошото воспитување на малолетникот, лошите примери или порочните навики што му ги дале родителите, или ако и инаку штетата може да им се препише на вина на родителите. Лицето врз кое во овој случај е должноста за надзор има право да бара од родителите да му го надоместат исплатениот износ ако тоа му исплатило надомест на оштетениот.[27] Доколку се исполнети погоре опишаните претпоставки од чл. 155 од ЗОО, во тој случај надоместокот на штетата што ја причинило малолетно дете, оштетениот може да ја бара било од другото лице врз кое лежи должноста за надзор над малолетникот, било од родителите на малолетникот. Во случај ако оштетениот добие надоместок од страна на лицето што вршело надзор над малолетното лице, во тој случај тоа лице може да постави регресивно барање според родителите доколку докаже дека штетата настанала поради лошото воспитување на малолетникот, лошите примери или порочните навики што му ги дале родителите, или ако и инаку штетата може да им се препише на вина на родителите. Ако оштетениот бара од родителите тие да му ја платат причинетата штета од страна на малолетникот, во тој случај на него лежи товарот на докажувањето на оние околности што претходно ги наведовме.[28]

Во членот 154 од ЗОО се пропишува одговорноста на друго лице за малолетник, и тоа: ст. 1: „За штетата што на друг ќе му ја причини малолетник додека е под надзор на

[26] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 268

[27] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 155.

[28] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 270

старател, училиште или друга установа, одговара старателот, училиштето, односно другата установа, освен ако докажат дека надзорот го вршеле на начин на кој се обврзани, или дека штетата била настаната и при грижливо вршење на надзорот“ и ст. 2 „Ако за штетата одговара и малолетникот, одговорноста е солидарна“. Согласно со претходно цитираниот член, и за одговорноста на субјектите кои се набројани како примери, за штетата што на друг ќе му ја причини малолетник додека е под нивен надзор, важат начелата на одговорност по основа на претпоставена вина. Имено, тие лица можат да се ослободат од одговорност ако докажат дека надзорот го вршеле на начинот на кој се обврзани или дека штетата би настанала и при грижливо вршење на надзорот. Кога се оценува интензитетот на надзорот во вакви случаи, треба да се има предвид дека тој во овие случаи се сведува на една разумна мера која одговара на возраста и условите на малолетникот.[29]

Во секој случај, во комбинација на одговорностите од чл. 154 и 155 од ЗОО, може да се случи сите овие лица солидарно да одговараат за надоместувањето на штета на оштетениот што му е причинета од страна на малолетник. Пресметката, пак, меѓу нив, за тоа кој од нив колку од надоместокот треба да поднесува откако на оштетениот ќе му биде надоместена штетата, ќе се изврши сообразно со степенот на вината што секој од нив ја поседува во конкретниот случај. За солидарната одговорност ќе стане збор подоцна во овој труд.

За штетата, пак, што ќе ја причини детето со навршена 7-ма година, значи сè до својата 18-та година, родителите одговараат според принципот на претпоставена вина. Во секој случај треба да се има предвид дека грижата на родителите за детето се состои од чување, воспитување и надзор на детето. Должноста за воспитување на детето, по правило припаѓа на двајцата родители, дури и кога детето е доверено само на едниот од нив, ако и другиот родител е во состојба да влијае врз воспитувањето на детето. Во таков случај поради лошото воспитување на детето можат да одговараат и двајцата родители, па и оној на кого не му е доверено детето на чување. Доколку детето е добро воспитувано, меѓутоа поради недостаток на чување, односно поради недобро вођениот надзор врз него, тоа причини штета, во тој случај исто така родителите можат да одговараат за причинетата штета на трето лице. Во секој случај родителите можат да бидат ослободени од

[29] Ibid

одговорноста за дете кое е поблизу до полнолетство т.е. кога тоа дете е постар малолетник, доколку детето е добро воспитувано бидејќи кај такво дете секако не може да се врши перманентен надзор на неговото однесување. Во таков случај за штетата што ќе ја причини таквото дете ќе одговара самото тоа, а родителите ќе можат да докажат дека штетата настанала без нивна вина.

За малолетник од наполнета 7-ма до наполнета 14-та година постои законски соборлива претпоставка за неговата неспособност за расудување, бидејќи во ст. 2 од членот 147 од ЗОО е пропишано дека таквиот малолетник не одговара за штетата, освен ако не се докаже дека при причинувањето на штетата бил способен за расудување. За таквата негова способност товарот на докажување го поседува оштетениот.

За малолетник со наполнети 14 години постои, исто така, законски соборлива претпоставка во обратна насока, т.е. дека тој е способен за расудување и одговара за причинетата штета, бидејќи е пропишано дека тој одговара според општите правила за одговорност за штета. Меѓутоа, во согласност со чл. 146 и 151 од ЗОО може да се докажува дека таквиот малолетник поради евентуална недораснатост, заостанатост во развојот и сл. не е одговорен, односно не е способен за расудување, така што и нема да одговара за надоместување на штетата. Во тој случај за него ќе одговараат оние лица кои врз основа на законот вршат надзор над него. Тоа по правило се неговите родители или лица од чл. 154 од ЗОО за кои стана збор претходно. Одредбите од чл. 146 и 147, со кои се предвидува дека не се одговорни за штетата лица кои не се способни за расудување, односно малолетните лица до наполнета 7-ма година, иако се наоѓаат во Отсекот 2 на ЗОО во кој се зборува за одговорност по основа на вина, сепак, може да се смета дека се однесуваат на сите видови одговорности за причинета штета. Имено, ако овие лица поради непостоење на деликтна способност не одговараат за штетата што ќе му ја причинат на друг во случај кога се одговорни по основа на вина, исто така, кај нив непостоењето на деликтна способност е основа за неодговарање за штетата што ќе му ја причинат на друг и во случај кога се работи за штета од опасен предмет, односно опасно дело. Така ако некое неодговорно лице од овој член седне во возило, го стави во движење и нанесе штета на трето лице, тоа нема да одговара за таквата причинета штета. Меѓутоа,

судот ќе предвиди одговорност на сопственикот на тоа возило или на лицето што е задолжено да врши надзор над неодговорното лице.[30]

Како што кажавме претходно, лице кое поради душевна болест или заостанат умствен развој или поради некои други причини не е способно за расудување, не одговара за причинетата штета.[31] Меѓутоа, за овие лица постои одговорност на други лица т.е. одговорност за друг што е регулирано со одредбите од чл. 151 до чл. 155. Сепак, по основа на справедливост и лице што ја причинило штетата, а за неа не е одговорно и надомест не може да се добие од лицето што било должно да води надзор над него, може од страна на судот земајќи ја предвид неговата материјална состојба и состојбата на оштетениот, да биде задолжено да ја надомести штетатата, наполно или делумно.[32]

Исто така, тој што ќе му причини штета на друг во состојба на преодна неспособност за расудување, одговорен е за неа, освен ако докаже дека во таа состојба не се нашол по своја вина. Ако во таа состојба се нашол по туѓа вина, за штетата ќе одговара оној што го довел во таа состојба.[33]

Сторителот, притоа, не одговара ако претставува орудие во рацете на друг. Така, ако некој некого бутне, а тој при паѓањето причини штета, во тој случај турнатиот нема да биде одговорен за причинетата штета, туку оној што го турнал.

Кога имаме одговорност на повеќе лица кога тие учествуваат во причинување на штетата, станува збор за солидарна одговорност, која е уредена во Отсек 8 од ЗОО, под насловот „Одговорност на повеќе лица за иста штета".

Така, согласно со чл. 195, ст. 1: „За штета што ја причинувале повеќе лица заедно, сите учесници одговараат солидарно", ст. 2: „Подбуцнувачот и помагачот, како и оној што помагал да не се откријат одговорните лица, одговараат солидарно со нив", ст. 3: „Солидарно одговараат за причинетата штета и лицата кои ја причиниле штетата работејќи независно еден од друг, ако не можат да се утврдат нивните удели во причинетата штета" и ст. 4: „Кога е несомнено дека штетата ја причинило некое од две или повеќе определени лица кои на некој начин се меѓусебно поврзани, а не може да се утврди кое од нив ја причинило штетата, тие лица одговараат солидарно".

[30] Ibid, стр. 262
[31] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 146 ст. 1.
[32] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 156.
[33] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 146 ст. 2 и ст. 3.

Со претходно цитираните одредби од членот 195 се регулираат две основни прашања, во случај кога штетата ја предизвикале повеќе лица: прво, прашањето за односот меѓу повеќе лица во врска со предизвикувањето на штетата, и второ, прашањето на карактерот на одговорноста на повеќе лица кои ја предизвикале штетата. Во врска со тоа законот ги регулира прашањата за: повеќе лица што заедно причиниле штета (ст. 1), за одговорноста на подбуцнувачот и помагачот (ст. 2), за лицата што ја причиниле штетата работејќи независно еден од друг (ст. 3) и за лицата што причиниле една иста штета а меѓу себе не се поврзани (ст. 4).

Според ст. 1 за штетата што ја причиниле повеќе лица заедно, сите учесници одговараат солидарно. Ваквата солидарна одговорност на сите лица што учествувале во причинувањето на штетата има цел да го обезбеди обесштетувањето на оштетениот во секој случај, без оглед на тоа дали некое од тие лица е способно да плати, а особено на оние со чие дејствие штетата е непосредно причинета. Имено, според правилата за солидарна одговорност оштетениот има право да бара од кој било од штетниците надомест на целокупниот износ на штетата, независно од степенот на нивното учество во нејзиното предизвикување (чл. 402 од ЗОО).

Според ст. 2, подбуцнувачот или помагачот, како и оној што помагал да не се откријат одговорните лица, одговараат солидарно. Инаку, поимите помагач и подбуцнувач се поими со кои оперира и кривичното право, па така, под подбуцнувач се подразбира лице кое со умисла поттикнало друго лице на преземање определено противправно дејствие, вклучувајќи и причинување на штета, и тоа на тој начин што кај тоа лице ќе се создаде одлука за деликтно однесување, или ќе се зацврсти одлуката за извршување на определен деликт, што тоа лице го имало предвид, а во врска со што се колеба. Под помагач се подразбира лице кое со умисла му помагало на друго лице да изврши противправно дејствие, вклучувајќи и предизвикување на штета и тоа на тој начин што на тоа лице непосредно му дава помош во извршувањето на деликтот. Во Кривичниот закон на РМ, како помагање ќе се смета особено: давање совет или упатство како да се изврши деликтот, ставање средства за располагање на сторителот за извршување на деликтот, отстранување на пречки за извршување на деликтот, како и однапред ветено прикривање

на деликтот, на сторителот, на средството со кое е извршен деликтот, на трагите на деликтот или на предметите прибавени со деликтот.[34]

Според ст. 3, солидарно одговараат за причинетата штета и лицата што ја причиниле истата работејќи независно едно од друго, ако не може да се утврдат нивните удели во причинетата штета. Според тоа, ако можат да се утврдат уделите на секое од овие лица во причинитетата штета, секој ќе одговара за нејзиното надоместување сообразно со својот удел. Не е од значење дали овие лица знаат дека работејќи независно едно од друго причинуваат една иста штета. Исто така, не е од значење дали тие своите штетни дејствија ги преземале заедно или секој поодделно и истовремено или во различно време.

Според ст. 4, кога е несомнено дека штетата ја причинило некое од две или повеќе определени лица што на некој начин се меѓусебно поврзани, а не може да се утврди кое од нив ја причинило штетата, тие лица одговараат солидарно. Како најчест пример се зема оној кога двајца ловци пукаат истовремено во грмушка сметајќи дека таму се наоѓа дивеч, но убиваат човек. Човекот е убиен со еден куршум, но не се знае од чија пушка потекнува. Во таков случај и двајцата ловци ќе одговараат за причинетата штета.[35]

Во членот 197 од ЗОО се содржани одредби за регресот на исплатувачот во случај на солидарна одговорност. Со одредбите во овој член се определени правила за решавање на прашањето колкав е делот што на име надоместок на штета отпаѓа на секој предивикувач на штетата (штетникот) во случај кога тие солидарно ја причинуваат штетата, така што меѓусебно да можат да се пресметаат. Оваа пресметка меѓу нив, односно делбата на долгувањето на име обврска на надоместокот на штетата меѓу нив, нема никакво значење за оштетениот, бидејќи тие според него одговараат солидарно, без оглед на тоа што тие меѓу себе тој долг (таа одговорност) го делат на начинот на кој го делат.

Одредбите од овој член се применуваат без оглед на тоа дали само еден од нив го исплатил целиот надоместок на штетата или повеќе од нив го исплатиле надоместокот на штетата. Имено, секое од тие лица кои го исплатиле надоместокот на штетата, било делумно или во целост, секогаш може да покрене прашање за тоа дека исплатило повеќе

[34] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 24 ст. 2.
[35] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 355-356

отколку што изнесува неговиот удел и да бара од останатите тие да му го повратат делот за кој тие одговараат, односно за кој не е одговорно лицето што го исплатило тој надоместок.

Одредби за одговорност за повеќе лица за надомест на причинетата штета се содржани и во Законот за работни односи. Според тие одредби, ако штетата ја предизвикаат повеќе работници, секој работник е одговорен за делот од штетата што ја предизвикал. Ако кај секој работник не може да се утврди делот од штетата што ја предизвикал, се смета дека сите работници се подеднакво одговорни и штетата ја надоместуваат во еднакви делови. Ако повеќе работници предизвикале штета со кривично дело со умисла, за штетата одговараат солидарно.[36]

Во предизвикувањето на штетата може да учествува и самиот оштетен и во тој случај може да дојде до намалување на надоместокот. Доколку оштетениот кој придонел штетата да настане или да биде поголема отколку што би била поинаку, има право на сразмерно намален надоместок, а во случај кога е невозможно да се утврди кој дел од штетата произлегува од дејствието на оштетениот, судот ќе досуди надомест водејќи сметка за околностите на случајот.[37]

Како што спомнавме во почетокот на излагањето на овој дел, секое лице, правно или физичко, може да биде штетник кој може да причини штета. Прашањето за деликтната способност, колку е од значење за физичките лица како страна на штетникот, за кои во основа погоре стана збор, толку е од значење и за правните лица. Како и физичките лица, така и правните лица потребно е да поседуваат деликтна способност за да би можеле да одговараат за причинетата штета. Со оглед на начинот на настанување на правните лица како општествени (вештачки) творби, со деликтна способност се стекнуваат со моментот на нивното основање или признавање на такви од страна на државата. Притоа, карактеристично за правните лица е тоа што нивната одговорност и не е друго, туку одговорност за штетата која нивните вработени и органи во врска со вршење на доверените работи им ја причинуваат на некој трет.[38]

Со други зборови, деликтната способност и врз таа основа одговорноста на правните лица за причинетата штета не се ништо друго туку изведени (деривирани) од

[36] Закон за работните односи од 2015 година, пречистен текст, чл. 156 ст. 2, ст. 3 и ст. 4.
[37] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 181 ст. 1 и ст. 2.
[38] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 157 и чл. 158.

деликтната способност и одговорноста на работникот односно органот кои во рамките на вршењето на своите работни задачи им причинуваат штета на други лица, било да се правни или физички. Ист е случајот и со вината кај правните лица. Во правната теорија ќе сретнеме дури дека правните лица и не може да имаат вина. И затоа вината кај правните лица се надоместува (суплира) со вината на органот, имено овде одговорноста на правните лица ќе се мери според вината на нивните органи.[39]

3.2. Оштетен

Оштетен може да биде секое лице, физичко или правно. За оштетен се смета тој чиј имот е намален (кому му е причинета обична штета), односно кому му е спречено зголемувањето или намалувањето на неговиот имот (испуштена корист), односно кому му се повредени права (нематеријална штета). Оттука, оштетениот е носител на правото од тој однос да бара штетникот натурално или вредносно да му ја надомести претрпената штета.

За физичкото лице да се појави како оштетен, потребно е само тоа да има правна способност. Правната способност, како посебно правно својство, која на овие лица им овозможува да бидат носители на правата и обврските од односите, во кои тие влегуваат, физичките лица ја стекнуваат во моментот на нивното раѓање. Еднаш стекнатата правна способност тие ја задржуваат до крајот на нивното постоење, па оттука, и за цело ова време тие можат да бидат страна на оштетен.[40]

Меѓутоа, иако некое лице може да биде оштетено, доколку штетникот му ја нанесе штетата во нужна одбрана, кај дозволена самопомош или со негова согласност – согласност на оштетениот, во таков случај таквото оштетено лице не може да бара да му се надомести причинетата штета, т.е. тоа лице не може да се јави како доверител во облигационо-правниот однос настанат со причинување на штета.[41]

Покрај физичките и правните лица, соодветна заштита од евентуална штета има и зачетокот (naciturus – оној кој ќе се роди). Во случајот станува збор за зачнат човечки плод, кој сè уште го нема статусот човек (физичко лице). Зачетокот уште од времето на

[39] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 623
[40] Ibid, стр. 624
[41] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 148, чл. 149 и чл. 150.

римското право, па сè до денес, правно е заштитен во кривичното, облигационото и наследното право. Ова е поради тоа што голема е веројатноста дека по истекот на потребното време за развој тој ќе се појави како живородено дете. Очекувајќи го тоа, целта е уште пред неговото раѓање да му бидат заштитени одредени права (во облигационото право, на пример, надомест на штета претрпена со повреда на неговото тело уште за време додека не е родено или во наследното право – неговите наследни права). Во одредени случаи, своевидна отштетна заштита е предвидена и за идното потомство, кое не е ни во форма на зачеток во моментот на причинување на штетата. Тоа е случај со иден зачеток односно идно родено дете од родител – мајка која своевремено, покрај телесната, претрпела и генетска штета настаната како резултат од одредено радиоактивно зрачење од одреден извор на атомска енергија. Генетската штета овде се јавува како мутација на наследните гени на озрачената мајка, што од своја страна има свој негативен одраз врз гените на идно зачнатиот плод (зачетокот). И во двата случаи (зачетокот и идното потомство) за да би можеле да се појават како страна на оштетен потребно е да исполнат два услови. Првиот од нив е: штетата директно ним да им биде причинета (повреда на рака, нога, глава и слично на зачетокот или оштета на гените на идниот зачеток (потомство)), и вториот услов е: тие да се родат живи. Според некои автори се бара и породот да биде човеколик (да не биде наказ). При исполнетост на овие услови живороденото дете е страната на оштетениот и врз таа основа нему му припаѓа правото на надомест на штета. Спротивно од тоа, ако плодот (детето) се роди мртво за оштетена се смета мајката која го носела оштетениот зачеток во својата утроба. Тоа практично значи дека оштетувањето на ваквиот зачеток претставува телесно оштетување на носителот на зачетокот (мајката).[42]

4. Услови потребни за настанување на облигациониот однос настанат по повод причинета штета

[42] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 625

Условите кои се потребни за настанување на облигациони односи настанати по повод на причинета штета во правната теорија се делат на општи и посебни услови.

Како што претходно беше кажано во овој труд, за настанување на облигационите односи со причинување на штета потребно е да постојат три општи услови, и тоа: штетно дејствие, штета и причинска врска (каузалитет).

Овие услови се кумулативни. Со други зборови кажано, потребно е тие да постојат истовремено.

Покрај општите услови кои се потребни за полноважност на облигационите односи настанати од причинување на штета, потребно е да постои барем еден од посебните услови. Во редот на тие услови посебно значајни се следниве: вината, ризикот произлезен од опасната ствар односно од вршењето на опасна дејност, повредата на постојана обврска од даден облигационен однос (најчесто договор), деликтната неспособност на штетникот и причинување на штета на трето лице од работник или орган на правното лице.

4.1. Општи услови за настанување на облигациониот однос настанат по повод причинета штета

Една од претпоставките за настанување на имотно-правен однос (а со тоа и на облигационо-правниот однос како посебен вид на имотно-правен однос) е постоење на одредена околност (појава) од надворешниот свет која правото ја признава како создавачка, правнорелевантна околност врз основа на која настанува еден ваков однос.[43]

Тие околности се нарекуваат правни факти. Нивна најпозната и општоприфатена класификација е онаа според начинот на нивното настанување. Според неа, два вида на правни факти се настаните и дејствијата.[44]

Правен факт кој доведува до настанување на облигационен однос со причинување на штета, како што кажува самото име, е причинувањето на штета. Во облигационото право овој правен факт (како и останатите правни факти кои се правнорелевантни за настанување на другите односи) добива посебно име т.е. облигационо-правен факт

[43] Групче А. (1985). Имотно (Граѓанско) право, Општ дел. Скопје: Култура, стр. 187-188
[44] Ibid, стр. 188-189

односно извор на облигациите. Во рамките на претходната класификација, причинувањето на штета го вбројуваме во дејствијата.

За да зборуваме за штетата како правнорелевантна околност која правото ја смета за правен факт, односно извор на облигационен однос, потребно е да бидат исполнети трите општи услови, и тоа: штетата фактички да настанала, штетата да е причинета со штетно дејствие и причинска врска (каузалитет) помеѓу штетното дејствие и штетата, односно штетата да настанала како резултат на штетното дејствие.

4.1.1. Штета

Поимот штета во облигационото право треба да се разликува од економскиот поим "штета" и од значењето кое ние му го даваме во секојдневниот живот. Треба да се има предвид и фактот дека на поимот штета не се гледало отсекогаш еднакво и како се менувал општествениот поредок, така се менувале и гледиштата за штета. Според професорот М. Вуковиђ целиот развој на поимот штета може да се подели на четири етапи.[45]

Разгледувана од аспект на општествениот поредок, штетата претставува повреда на некоја општествена вредност, односно таа припаѓа во категоријата на општествени нарушувања. Разгледувана од аспект на оштетениот, штетата претставува промена во неговата сфера на постоење, а разгледувана од аспект на штетникот таа претставува последица од негово штетно дејствие.

Иако во правната теорија општо прифатено е гледиштето дека штетата претставува општ услов за настанување на одговорноста, сепак сметаме дека вреди да се спомене и едно спротивно сфаќање. Според ова сфаќање, правнологички гледано, постоењето на штета не е услов за одговорност, туку претставува неопходен предуслов, односно претставува факт кој ѝ претходи на одговорноста. Дури кога постои штета може да се постави прашањето за настанување на одговорност.[46]

Самите застапници на ваквото гледиште заклучуваат дека: „Од практично-правно стојалиште многу е тешко да се сфати дека постоењето на штета не претставува услов за

[45] За ова повеќе види Vuković M., op. cit. str. 22.
[46] Đorđević Ž. , Stanković V. op. cit. str. 308

граѓанско-правна одговорност бидејќи во праксата како спорен факт може да се појави и често се појавува и прашањето за постоење на штета.“ На овој начин се доаѓа до заклучокот дека постоењето на штетата е неминовен услов за настанување на одговорноста, па дури и спротивните гледишта не можат да го заобиколат и се приморани да го прифатат, барем на практично-правно стојалиште.

Утврдувајќи дека во правната мисла општо прифатено е сфаќањето дека „без штета нема одговорност“,[47] иако во позитивното облигационо право се среќаваме и со исклучоци што се однесуваат на одговорноста за опасност од штета,[48] се наоѓаме пред наредното прашање: Кога постои штета во граѓанско-правна смисла?

До денешен ден правната теорија не успеала да изгради единствен поим за штета кој би бил соодветен за сите случаи на одговорност. Покрај ова, не наоѓаме дефиниција за поимот штета ниту во најголемиот дел од граѓанските законици. Причината за тоа е фактот што штетата не е апстрактна појава која може поимно да се определи сама по себе, туку тоа е функционален поим кој може да се разбере единствено во рамките на неговата секојдневна примена.

По повод прашањето за определување на поимот штета, правната мисла и мислата на законодавецот се развиваат во два правци:

- Првиот правец го наоѓаме во некои понови законодавства кои не даваат дефиниција, ниту поблиска определба на обележјата на поимот штета, туку само ги одредуваат начините за надоместување на одредени видови на штета, оставајќи им на судската пракса и на теоријата поблиску да го одредат овој поим според конкретните случаи. Пример за заземање на ваков став наоѓаме во швајцарскиот Закон за облигациони односи[49] и францускиот Граѓански законик (член 1382 и 1383);

[47] Капор А. (1957). Облигационо право – според белешките од предавањата на проф. д-р М. Константиновиќ. Белград, стр. 93.

[48] Сојузен Закон за облигациони односи од 1978, чл. 156 и Законот за облигациони односи од 2001, пречистен текст, чл. 143.

[49] Наместо поимно определување на штетата, законот го упределува начинот на утврдување. Така, според чл. 42: „Докажувањето на штетата паѓа на товар на оној кој бара надомест на штета. Кога висината на штетата не може точно да се утврди, ја одредува судијата со оглед на редовниот тек на работите и со оглед на мерките што ги презел оштетениот.“

• Вториот правец го наоѓаме во законодавствата (меѓу кои австриското, пруското, српското и македонското[50]) кои го определуваат поимот штета, како и меѓу теоретичарите кои во обидот поимно да ја определат штетата ни нудат свои дефиниции. Во оваа смисла, некои автори штетата ја определуваат како „...секое оштетување на некое правно заштитено добро, односно интерес, кое настанува спротивно на нашата волја и кое некој друг е должен да го надомести“.[51] Други теоретичари под поимот штета во граѓанско-правна смисла подразбираат „неповолен резултат од штетниковото дејствие за имотот и со закон заштитените интереси на оштетениот“. [52] Според трети „штетата е неповолен резултат од дејството на противправно дејствие на имотните права, имотните интереси и личните добра на некое лице“.[53]

Поимот штета во нашето законодавство е дефиниран во членот 142 од ЗОО, според кој: „Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на неговото зголемување (испуштена корист), како и повреда на личните права (нематеријална штета).”

Според погоре цитираниот член постои материјална (имотна) штета и нематеријална (неимотна) штета.

Под материјална штета се разбира намалувањето на нечиј имот (обична штета) или спречувањето на неговото зголемување (испуштена корист).

Нематеријалната штета се изразува како повреда на личните права, со што се создава законска можност за заштита на личните права на граѓаните и правните лица како една цивилизациска придобивка.

Според овие свои квалификации, значи, штетата претставува повреда на нечие субјективно право или правен интерес.

Кога ќе настане штета треба да се утврди дали таквиот вид на штета правото го признава. Значи треба да се констатира дали засегнувањето во имотот значи засегнување во правото, односно во право-заштитените интереси, при што може да дојде до засегнување во апсолутните или во релативните права. Инаку, со закон заштитениот

[50] Според чл. 142 од ЗОО: „Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на негово зголемување (испуштена корист) и повреда на личните права (нематеријална штета).“
[51] Радишић Ј., op. cit., стр. 198.
[52] Бикич А. (2007). Облигационо право, општ дел. Сараево, стр. 202
[53] Лоза Б. (2000). Облигационо право, општ дел. Белград, стр. 198

интерес претставува изгубена корист, која може да се јави како во областа на договорното, така и во областа на вондоговорното право.

Повредата на правниот интерес означува повреда на некоја т.е. правна состојба врз основа на која, по настапувањето на некој иден факт, оштетениот би станал носител на некое субјективно право. Повреда на правниот интерес постои и тогаш кога е во прашање некоја прилика од која оштетениот можел да очекува некаква корист. На пример, оштетениот е сопственик на некој предмет со кој очекувал, учествувајќи на некоја изложба, да добие голема награда (види коментар на ЗОО стр. 248). Оцената во таков случај треба да е таква што степенот на веројатноста дали ќе се оствари таква корист треба да биде сосема извесен.

Губењето на приликата претставува и таква повреда која на оштетениот му оневозможува натамошно унапредување или усовршување на струката или, пак, губење на помошта од загинатото лице.

Во правната теорија разликуваме повеќе видови на штета, која се определува според различни критериуми, па така:

а) Со оглед на временскиот критериум штетата може да биде: постоечка штета, која е онаа штета што веќе настанала; идна штета, кај која нејзиното причинување веќе настанало, но последиците или не престанале односно и натаму континуирано траат или последиците на штетата воопшто уште не настанале, но е сигурно дека ќе настанат во иднина; евентуална штета, кај која нејзиното причинување веќе настапило, но настапувањето на штетните последици е неизвесно бидејќи до нив може, но не мора да дојде.

б) Со оглед на начинот на настанување, штетата може да биде: директна или непосредна штета, кога таа е директна последица на штетниот настан, без некој побитен меѓунастан; индиректна или посредна штета, која е индиректна, посредна последица на штетниот настан кај која последицата од некое штетно дејствие се претворила во причина за настанување на натамошната штета; симултана штета, кај која со еден штетен настан се предизвикува штета на повеќе разни оштетени лица, а сепак секое од нив да се третира како посебна самостојна штета.

в) Со оглед на начинот на нејзиното утврдување и докажувањето, штетата може да биде: конкретна штета, кога нејзиното постоење и обем можат да се утврдат со

непосредни правни релевантни докази; апстрактна штета, кога нејзиното постоење се претпоставува, а нејзината висина се утврдува според однапред постоечки критериуми или во паушален износ, а не од случај до случај.

г) Со оглед на предвидливоста на нејзиното настанување, штетата може да биде: предвидлива штета, кога во време на преземањето на штетното дејствие нејзиното настанување било предвидено или не било предвидено, но можело да се предвиди; непредвидлива штета, кога во времето на преземањето на штетното дејствие нејзиното настапување не било предвидено или не можело да биде предвидливо.

д) Со оглед на својот обем, штетата може да биде: позитивна штета, која го опфаќа фактички ефективно намалувањето на постоечкиот имот на оштетениот, која според законот се вика обична штета; негативен договорен интерес, во случај кога договорот не е полноважен, па оштетениот според оној кој одговара за неважноста има негативен договорен интерес, интерес на доверба (тој интерес е имотот што странката би можела да го има доколку не бил склучен таков договор); негативна штета, која не се однесува на некое фактичко намалување на постоечкиот имот на оштетениот, туку на оневозможување, според редовниот тек на работите, на очекуваното постигнување на некоја материјална корист на страна на оштетениот, која тој би ја постигнал да не бил спречен во тоа со настанување на штетниот настан (оваа штета законот ја вика испуштена корист и всушност станува збор за идна штета која веројатно би настанала).

Во правната теорија е познат и поимот на супституирана штета, која постои тогаш кога се предизвикува штета заради отстранување на штетните последици од друго лице кое е оштетено (чл. 148 ст. 3 од ЗОО). Во таков случај првобитната штета, што не настанала, се заменува со друга штета и таа штета всушност е предизвикана од страна на штетникот, а за неа тој мора да одговара, бидејќи таквата супституирана штета се признава како вистинска штета.

Врз основа на сето она што досега го кажавме за поимот на штетата, можеме да заклучиме дека штетата во граѓанско-правна смисла има неколку карактеристики, односно обележја:

1. штетата претставува негативна, односно неповолна промена во состојбата на оштетениот;

2. штетата настанува во онаа материјална сфера или лична сфера на оштетениот која е правно заштитена, односно штетата се состои во повреда на материјални или лични права или интереси на оштетениот кои се правно заштитени;

3. штетата се јавува во два основни вида: материјална (имотна) и нематеријална (морална) штета. Сите останати поделби на штетата можат да се сведат на еден од основните видови штета;

4. штетата настанува како резултат на противправно дејствие, односно противправното дејствие и штетата се во причинско-последичен однос;[54]

5. штетата во граѓанско-правна смисла се надоместува според правилата за граѓанско-правна одговорност.

Одговорот на прашањето – кога постои штета, би бил: штета во граѓанско-правна смисла на зборот постои секогаш кога со противправно дејствие на друго лице е направена повреда на материјално или лично право или интерес кое е заштитено со правниот поредок, поради која за некој субјект на правото настанале неповолни последици.

Откако го определивме поимот штета преку одредување на неговите суштински обележја кои ги среќаваме кај секој поединечен случај на настанување на штета, пред нас се поставува ново прашање: На кој начин се утврдува постоењето на штета во граѓанско-правна смисла? Сметаме дека одговорот на ова прашање се наоѓа на две нивоа:

1) начелно ниво, кое е првото место од каде почнуваме да го бараме одговорот на ова прашање. Ова ниво е претставено преку одредбите од законодавството кои се однесуваат на поимното одредување на штетата или, доколку таквите не постојат, тогаш одредбите кои се однесуваат на начините на докажување на штета, и

2) конкретно ниво, односно ниво на разгледување на секој поединечен, конкретен случај на настанување неповолни последици во сферата на одреден субјект на правото. На ова ниво, одговорот на прашањето дали постои штета го дава судската пракса, односно судовите. Судот поаѓајќи од начелното ниво, па движејќи се во рамките на востановената судска пракса, утврдува во секој конкретен случај дали постои штета во граѓанско-правна смисла или не.

[54] Единствено кумулативното постоење на штета, противправно дејствие и каузалитет помеѓу нив доведува до настанување на граѓанско-правна одговорност. Штетата која е резултат на виша сила (непротивправно дејствие) или на друго дејствие не може да доведе до настанување на одговорност.

Вака одредената штета ќе доведе до настанување на граѓанско-правна одговорност само доколку постои кумулативно со останатите два услови за настанување, односно противправно дејствие и каузалитет. Ниту штета во граѓанско-правна смисла може да постои без постоење на противправност, ниту противправност во граѓанско-правна смисла може да постои без да постои штета.

4.1.2. Штетно дејствие

Поголемиот дел од правните теоретичари се согласуваат со мислењето дека противправноста на дејствието со кое е причинета штета е општ услов за граѓанско-правна одговорност, но има и такви теоретичари кои забележуваат дека „противправноста е услов кај најголемиот број случаи на настанување на граѓанско-правна одговорност".[55] Тоа се случаите на причинување штета со непосредни човекови дејствија и случаите на причинување штета од т.н. опасни ствари и некои случаи на причинување штета од животни. Меѓутоа, кај одреден број случаи на причинување штета од животни, противправноста не може да биде услов, бидејќи не може ни да се утврди. Од друга страна, пак, разгледувајќи ги најновите унификаторски тенденции, претставени преку Принципите на Европското отштетно право, забележуваме дека штетата и каузалитетот се наведуваат како општи услови за настанување на одговорност, а противправноста на дејствието е изоставена.[56]

Општиот поим противправно дејствие ја подразбира секоја повреда на некоја објективно-правна норма.

Граѓанско-правниот поим на противправно дејствие има потесно значење од општиот поим. Под противправно дејствие во овој случај подразбираме повреда на објективното право со која за некое лице му е причинета штета која повлекува граѓанско-правна одговорност. Одовде произлегува дека за да постои противправност во граѓанско-правна смисла, треба да постојат два елементи, и тоа: повреда на објективното право и причинување на штета како последица од таа повреда.

[55] Вукович М. (1971). Одговорност за штета. Загреб, стр. 21; Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 526.
[56] Principles of European Tort Law, Title II: General conditions of Liability.

Од ваквото определување на поимот противправно дејствие забележуваме дека се работи за еден општ поим. Противправното дејствие кое е општ услов за настанување на одговорност може да се јави во некоја од следниве форми:

• граѓански деликт, односно штетно дејствие на основа на кое изворно и самостојно се одговара за штета,

• кривичен деликт, односно противправно дејствие кое е предвидено и опишано во закон како кривично дело. Иако е редовна појава граѓанскиот и кривичниот деликт да постојат одделно, може да се случи со едно дејствие да е направен и граѓански и кривичен деликт.

• повреда на пропишана обврска, односно противправно дејствие со кое се создава нова обврска кон веќе постоечката или истата само се дополнува,

• повреда на договорна обврска која може да се јави како повреда од страна на должникот, повреда од страна на доверителот, повреда од страна на двете страни на договорот или повреда од трето лице.

Погоре наведените форми во кои се јавува противправното дејствие не ја исцрпуваат докрај неговата содржина. Тие се прикажани само за илустрација на сфаќањето за неговата општост. На мислење сме дека листата на посебни форми на противправноста не може да се затвори и за неа е карактеристична една динамичност која зависи од општествено-економските прилики во една држава, а преку нив и од законодавното уредување на противправноста.

Од сето погоре наведено, можеме да заклучиме дека, најопшто зборувајќи, штетното дејствие е противправно дејствие со кое се причинува штета. Така „во еден случај, тоа е човеково дејствие кое се јавува во вид на сторување или несторување, а во друг тоа произлегува од опасни ствари и дејности зад кои, повеќе или помалку, секогаш стои нивниот имател односно вршител (човекот)“.[57]

4.1.3. Причинска врска

[57] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 534

Причинската врска, или како уште се нарекува –каузалитетот, колку е категорија на облигационото право толку е и на кривичното право. Во правото на причинската врска се гледа како на релативно конкретен однос кој постои помеѓу точно определено штетно дејствие и точно определена штета, при што штетното дејствие во тој однос е причината, а штетата е последицата произлезена од таа причина.[58]

Во нашиот ЗОО не е дефиниран поимот на причинска врска, односно не е даден јасен и конкретен одговор на ова прашање. Одговор на ова прашање даваат повеќе теории (теорија на почетен услов, теорија на непосреден и посреден услов, теорија на превалирана причина, теорија за природна причинска врска и други теории), од кои општоприфатена во правната доктрина и практика е теоријата на адекватна причина. Според оваа теорија „правнорелевантна е онаа причинска врска која постои помеѓу штетно дејствие кое по својата сила (интензитет) и вид било подобно да ја причини штетата, од една страна, и штетата настанала како последица од тоа дејствие, од друга страна.“[59]

Нашиот ЗОО, веќе рековме, не содржи дефиниција за тоа кога постои причинска врска. Тој содржи одредби со кои се уредува начинот на утврдување на причинската врска. Со чл. 159 се воспоставува една претпоставка за постоење на причинска врска помеѓу опасен предмет или опасна дејност (како штетни дејствија кај објективната одговорност) и штетата што е настаната во врска со тој предмет, односно дејност. Оваа претпоставка е соборлива и може да се докажува дека причината е на страната на оштетениот или трето лице, односно настанала поради виша сила.

Во случаите на субјективна одговорност исто така постои претпоставка за постоење на причинска врска помеѓу штетното дејствие и причинета штета, но само за штета сторена со обично невнимание. Претпоставената причинска врска е изразена во одредбата: „Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести.“[60]

Постоењето на причинска врска помеѓу штетно дејствие што штетникот го презел со намера или крајно невнимание и штетата што настанала како резултат на тоа дејствие не се претпоставува, туку во секој случај поединечно треба да се докаже. Освен причинската врска се докажува и постоењето на намерата или крајното невнимание.

[58] Ibid, стр. 656
[59] Ibid, стр. 560
[60] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 141.

Товарот на докажување секако паѓа на оштетениот. Ова произлегува од одредбите на ЗОО од кои како пример ќе разгледаме одредба која се однесува на можноста за ограничување на договорната одговорност. Така според чл. 254 ст. 4 од ЗОО: „Во случај на ограничување на висината на надоместот, доверителот има право на целосен надомест ако невозможноста за исполнување на обврската е причинета намерно или со крајно невнимание на должникот.“ Од дикција на ЗОО произлегува дека причинската врска како и намерата или крајното невнимание се докажуваат од страна на оној кој се повикува на нив.

4.2. Посебни услови за за настанување на облигациониот однос настанат по повод причинета штета

Како што претходно беше речено, покрај општите услови, за настанување на облигациони односи по повод причинета штета, потребно е да постои еден или повеќе соодветни посебни услови. Посебните услови не се бараат да постојат кај сите видови на облигациони односи настанати со причинување на штета, туку само некои од нив. Имено, токму од тоа кој посебен услов се бара за настанување на некој облигационен однос, тие односи се јавуваат во повеќе посебни видови, или како што поинаку се нарекуваат, посебни видови на одговорност за причинета штета. Како најзначајни од тие услови се следниве: вината, ризикот произлезен од опасна ствар односно од вршење опасна дејснот, повреда на постојна обврска од даден облигационен однос, деликтната неспособност на штетникот и причинувањето на штета на трето лице од работник или орган на правното лице.[61]

Покрај горе наведените посебни видови на одговорност за причинетата штета, постојат и други, кои, со оглед на постоење на одредени дополнителни посебни кај нив услови, нормативно се насловени под заеднички наслов „Посебни случаи на одговорност”. Во случајот станува збор за следните случаи на одговорност: одговорност поради терористички акт, јавни демонстрации или манифестации; одговорност поради дела на корупција; одговорност за штета направена од меѓународни воени и други организации;

[61] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 666.

одговорност на организаторот на приредби; одговорност поради недавање на неопходна помош; одговорност во врска со обврска за склучување договор; и одговорност во врска со вршење на работи од јавен интерес.[62]

Кај овие видови на одговорност за причинета штета кај кои се јавуваат повеќе од еден посебен услов, секогаш едниот од нив е или вината или постоењето на опасна ствар или опасно дејствие. Кога се бара повеќе од еден посебен услов за настанување на некој одреден вид на одговорност за причинета штета, всушност, станува збор за кумулација на повеќе посебни услови, кои само заемно заедно го овозможуваат настанувањето на дадениот посебен вид одговорност за причинета штета.

За погоре наведени посебни видови одговорност за причинета штета, вклучувајќи ги тука и дел од посебните случаи на таа одговорност, посебно ќе стане збор понатаму во трудот.

5. Основи на одговорност за причинетата штета

Во правната теорија оваа претпоставка за настанување на облигационен однос со причинување на штета ја среќаваме под различни називи. Во рамките на овој труд се одлучив да ја именувам како „основа на одговорност“ поради две причини.

Првата причина е тоа што овој дел од трудот се однесува на уредувањето на облигационите односи со причинување на штета во нашето објективно право, односно во ЗОО, а во рамките на истиот оваа претпоставка ја наоѓаме токму под називот основи на одговорност. Во чл. 141 кој гласи: „Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести. За штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината се одговара без оглед на вина. За штета без оглед на вина се одговара и во други случаи предвидени со закон.“ Според овој член во нашиот ЗОО постојат две основи за одговорност, и тоа: одговорност врз основа на вина (субјективна одговорност) и одговорност без оглед на вина (објективна одговорност).

Како втора причина е тоа што и самиот закон ги уредува облигационите односи настанати со причинување на штета (вондоговорната одговорност), во рамките на Оддел

[62] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, Отсек 6, чл. 166-173.

2, преку една класификација на повеќе видови одговорност, уредени во посебни отсеци на овој Оддел.

Освен одговорноста врз основа на вина (уредена во Отсек 2)[63] и основниот вид на одговорност без оглед на вина,[64] односно одговорност за штета од опасен предмет или опасна дејност (уредена во Отсек 5),[65] во ЗОО среќаваме и други видови на одговорност, како што се: одговорност за друг, уредена со Отсек 3 (од член 151 до член 156), одговорност на работодавецот спрема трето лице, уредена со Отсек 4 (од член 157 до член 158) и посебни случаи на одговорност уредени во Отсек 6 (од член 166 до член 173). Договорната одговорност во ЗОО не ја наоѓаме под ова име, ниту, пак, во делот што се однесува на облигационите односи настанати со причинување на штета, туку ја наоѓаме во одредбите со кои се уредени доверителовите права и должниковите обврски.[66]

Специфичностите на одредени случаи од праксата барале нивно издвојување како посебни видови на одговорност за кои се применуваат посебните правила креирани според тие специфичности. Во основата на сите овие посебни видови на одговорност за штета се наоѓа во најголем дел вината како основа за одговорност, односно одговорноста на овие лица е субјективна. Постојат одредени случаи утврдени со закон во кои се одговара без оглед на вина, односно одговорноста е објективна.

За да го објасниме подобро овој однос на видовите одговорност (од една страна објективната и субјективната одговорност, од друга страна останатите три вида наведени погоре) за кои зборува ЗОО, тука би се задржале на неколку примери.

Најпрво за пример земаме одредба од рамките на „одговорност за друг“, односно чл. 152 ст. 4 кој гласи: „Родителите одговараат за штетата што ќе ја причини на друг нивното малолетно дете што наполнило седум години, освен ако докажат дека штетата настанала без нивна вина.“ Според оваа одредба одговорноста на родителите е субјективна, тие одговараат врз основа на вина. Вината во овој случај е претпоставена

[63] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, од чл. 145 до чл. 151.

[64] Велиме основниот вид затоа што тој е уреден во чл. 141 ст. 2 од ЗОО, но во став три од истиот член оставена е можност и за друг вид на објективна одговорност во случаи предвидени со закон. Во ЗОО ваков случај среќаваме во чл. 152 ст. 1: „Родителите одговараат за штетата што ќе му ја причини на друг нивното дете до наполнета седма година, без оглед на својата вина.“

[65] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, од чл. 159 до чл. 166.

[66] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, Глава III, Оддел 1 со наслов „Доверителови права и должникови обврски“

така што родителите имаат товар на докажување за да се ослободат од одговорноста, што секако е во интерес на оштетениот.

Наредeн пример за разгледување ќе земеме од рамките на „одговорноста на работодавецот спрема трето лице“, односно чл. 157 ст. 1 кој гласи: „За штета што работникот во работата или во врска со работата ќе му ја причини на трето лице одговара работодавецот кај кој работел работникот во моментот на причинувањето на штетата, освен ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал онака како требало.“ Во овој случај се работи за „модифициран вид на субјективна одговорност“[67] заснован на соборлива претпоставка за постоење на вина. Таа може да се собори ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал онака како требало.[68]

Како пример од рамките на „посебните случаи на одговорност“ го разгледуваме чл. 170 кој гласи: „Организаторот на собирање на поголем број луѓе во затворен или на отворен простор одговара за штетата настаната со смрт или телесна повреда што некој ќе ја претрпи поради вонредни околности што можат да настанат во такви прилики, како што е бранување на масите, општ неред и слично, без оглед на постоењето на вина.“ Според оваа одредба, одговорноста на организаторот на приредби е објективна, без оглед на неговата вина.

Последниот пример е од одредбите кои се однесуваат на договорната одговорност. Разгледувајќи го чл. 314 од ЗОО, ст. 3, според кој „доверителот во задоцнување е должен да му ја надомести на должникот штетата настаната поради задоцнување за кое одговара“ повторно ја наоѓаме вината на доверителот како основа за негова одговорност. Доверителот може да се ослободи од одговорноста за надомест на штетата само ако докаже дека основа (вина) не постои.

Крајниот заклучок од разгледување на одредбите е дека во нашето право постојат два основни вида на одговорност, односно одговорност врз основа на вина и одговорност без основа на вина. Сите останати видови на одговорност уредени како посебни видови на одговорност во ЗОО во крајна линија се сведуваат на случаи на субјективна или објективна одговорност, за што основата ја наоѓаме во чл. 141 од ЗОО.

[67] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 629

[68] Проф. Михајло Константиновиќ во Скицата на Законот за облигациите и договорите утврдувањето на постоење на вина го сведува на утврдување дали лицето се однесувало како што треба, а нашиот ЗОО упатува на ваков начин на утврдување на вината само во овој случај.

6. Посебни случаи на одговорност

Посебните случаи на одговорност се уредени во Отсекот 6 во ЗОО, односно од чл. 166 до чл.173.

Како посебни случаи на одговорност, предвидени се: одговорност поради терористички акт, јавни демонстрации или манифестации; одговорност поради дела на корупција; одговорност за штета направена од меѓународни воени и други организации; одговорност на организаторот на приредби; одговорност поради недавање на неопходна помош; одговорност во врска со обврска за склучување договор; и одговорност во врска со вршење на работи од јавен интерес.

6.1. Одговорност поради терористички акт, јавни демонстрации или манифестации

Одговорноста поради терористички акт, јавни демонстрации или манифестации е регулирана во членот 166 од ЗОО кој гласи: „(1) За штета настаната од смрт, телесна повреда или оштетување, односно уништување на имотот на физичко или правно лице, поради акти на насилство или терор, како и при јавни демонстрации и манифестации одговара државата, без оглед на постоење на вина, освен ако поинаку не е определено со друг закон. (2) Организаторите, учесниците, поттикнувачите и помагачите во актите на насилство или терор, во јавните демонстрации и манифестации, што се насочени кон подривање на уставното уредување немаат право на надомест на штета според оваа основа. (3) Државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од лицето кое ја предизвикало штетата. (4) Тоа право застарува во роковите пропишани за застареноста на побарувањата за надомест на штета.”

Одговорноста на државата за штета настаната од смрт, телесна повреда и оштетување, односно уништување на имотот на правни или физички лица, определна со одредбите од овој член, е значително поширока од обичната имотно-правна одговорност на државата.

Штетно дејствие според одредбите од овој член претставуваат актите на насилство или терор, како и јавните демонстрации и манифестации.

Иако не постои една општа дефиниција на тероризмот, во сите познати дефиниции се опфатени елементите на политички насилства, така што во една поширока смисла под терористички акции се подразбираат оние акти на насилство кои се извршени од политички побуди. Таквите акти најчесто ги карактеризира и предизвикувањето страв кај противникот и влијание на околината, кое се постигнува со масовно насилство и неселективен избор на жртвите, како и нивната забранетост. Во таа смисла и актите на насилство за кои станува збор во ст. 1 од овој член треба да се поврзуваат со терористичките акции со кои тие акти на насилство чинат една логична целина.

Според една судска одлука, само актите на насилство што се извршени од политички побуди, и тоа насочени против државното уредување, можат да се сметаат како акти на насилство во смисла на оваа одредба, зашто во спротивност секој акт на насилство, како што се секое убиство, телесна повреда, оштетување или уништување на имотот што е предизвикано со таков акт, би бил таков што за надоместување на штетата од него би одговарала државата.

Јавните демонстрации и манифестации имаат скоро исто значење бидејќи означуваат собирање на поголем број луѓе каде што се изразува определен став спрема некој настан, постапка, политичка или друга мерка. Притоа со придавката „јавни" целта е да се означи дека тие не претставуваат собирање на луѓе поради некој приватен повод, на пример погреб, веселба и сл. Притоа имало случаи кога погребот на некое лице кое загинало поради политичка пресметка да се претвори во јавна демонстрација или манифестација, па се поставува прашање дали и во тој случај државата ќе одговара за штетата причинета според одредбите на овој член, имајќи предвид дека според чл. 21 од Уставот на РМ, граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола.

Овие акти: насилство, терор, јавна демонстрација и манифестација – се сметаат како причина за штетата само ако штетата е предизвикана од страна на учесниците во нив. Меѓутоа, според ст. 2 од овој член, организаторите, учесниците, поттикнувачите и помагачите во акциите на насилство или терор, во јавните демонстрации и манифестации, што се насочени кон уривање на уставното уредување, немаат право на надомест на штета според оваа основа.

За штета според овие одредби за кои одговара државата се смета смрт, телесна повреда или оштетување односно уништување на имотот на физичко или правно лице. Притоа, штетата може да биде материјална или нематеријална. Како нематеријална штета треба да се земе предвид и нарушувањето на здравјето, иако тоа овде изречно не се споменува.

Субјект на одговорноста во ваков случај е државата, според која треба да биде насочено барањето за надоместување на штетата, и покрај тоа што, можеби, е познато лицето кое ја предизвикало штетата.[69]

Основата на одговорноста на државата, и според неподеленото мислење во теоријата, е тоа што државата во овие случаи одговара без утврдување на вината. Значи, се работи за објективна одговорност, и државата не може да ја отстрани таа одговорност за надоместување на причинетата штета, приговарајќи дека презела сè таквите штетни дејствија да се спречат, односно дека дала доволно обезбедување од страна на органите на редот и сл.

Правото на регрес на државата е пропишано со одредбата од ст. 3 на овој член, според која државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од лицето што ја предизвикало штетата, а според ст. 4 тоа право застарува во роковите пропишани за застареност на побарувањето за надомест на штета. Според ова, значи, одредбите за правото на регрес и за застареност се однесуваат само на правото на регрес на државата, спрема причинителот на штетата. Рокот за застареност во таков случај започнува да тече откако државата ќе го исплати надоместокот на износот на оштетеното лице што произлегува од одредбата од ст. 3 на овој член, а не евентуално од денот на правосилност на пресудата со која државата е задолжена да ја надомести штетата на оштетеното лице.

По однос на прашањето за застареност на побарувањето на надоместокот на причинетата штета според државата од страна на оштетеното лице, се смета дека треба да се применат одредбите на чл. 365, т.е. дека таквите побарувања застаруваат за 3 години откако оштетениот узнал за штетата и за лицето што ја сторило штетата, а во секој случај ова побарување застарува за 5 година откако настанала штетата. Притоа, треба да се имаат

[69] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 306

предвид и одредбите според кои може да дојде до прекин, односно до застој на застарувањето. Меѓутоа, се смета дека другите рокови, како оние, на пример, за побарување на надоместокот на штета причинета со кривично дело и сл., не доаѓаат предвид во таков случај. Ова е поради тоа што државата не е таа што ја причинила штетата со кривично дело, ниту, пак, нејзината одговорност во сè треба да ја покрива одговорноста на вистинскиот штетник.

Застареноста на барањето на регрес на државата спрема лицето кое ја предизвикало штетата треба да почне да тече од денот кога државата го исплатила износот на оштетеното лице. Имено, во ст. 3 се определува дека државата има право да бара надоместок на исплатениот износ од лицето што ја предизикало штетата. Значи, откако државата ќе го исплати износот, настанува нејзиното право да бара регрес, а со ст. 4 е пропишано дека тоа право застарува во роковите пропишани за застареност на побарувањата за надомест на штета. Тоа значи дека правото на државата на регрес настанува со исплатата на износот, а не од сознавањето на штетата и штетникот. Би можело да се смета дека овде може да дојде до примена на чл. 366 за застарување на побарувањата за надомест на штета причинета со кривично дело, кога рокот на застареност изминува со истекот на времето определено со застареноста на кривично гонење. Меѓутоа, треба да се има предвид дека оваа одредба се однесува на застареност на барањето на надомест на штета, додека во однос на барањето на државата според лицето што ја причинило штетата, треба да се има предвид дека се работи за регресно барање.[70]

6.2. Одговорност поради дела на корупција

Одговорноста поради дела од корупцијата е регулирана со членот 167 од ЗОО, според кој: „(1) За штета настаната од некое дело на корупција сторено од државните службеници при вршење на нивните функции одговара државата, односно органите на локалната самоуправа, во чии органи вршеле функција државните службеници. (2) Државата, односно органите на локалната самоуправа, има право и обврска да бара

[70] Види Кирил Чавдар и Кимо Чавдар, Коментар на Законот за облигациони односи, Скопје, 2012, стр. 307

надомест за исплатениот износ од лицето кое ја предизвикало штетата. (3) Правото од став (2) на овој член застарува во роковите пропишани за застареност на побарувања за надомест на штета.”

Од одредбите на овој член произлегува дека државата односно органите на локалната самоуправа одговараат за штета настаната од некое дело од корупција сторено од државен службеник при вршење на неговата функција. Овде директен штетник е државниот службеник, односно службеник во орган на локалната самоуправа којшто нанел штета со некое дело на корупција, а одговорно лице е државата, односно органот на локалната самоуправа, во чиј орган вршел функција овој службеник што го причинил тоа дело на корупција.

Според Законот за спречување на корупцијата, никој не смее да ја злоупотреби својата јавна функција или должност за извршување или пропуштање на дејствие што со закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законитото дејствие на својот личен интерес ниту на интересот на друго лице. Исто така, никој не смее вршењето на власта и доверените јавни овластувања или работи од јавен интерес да ги злоупотреби за остварување на лични или користољубиви цели.

За корупција се смета и повлекува казнена, граѓанско-правна и друга одговорност злоупотребата на службената положба, положбата на одговорно лице во правното лице или на лице кое врши работи од јавен интерес за остварување на каква и да било корист за себе или за друг.

Номенклатурата на делата од корупција е неограничена, и затоа во еден краток осврт во овој труд е тешко да се набројат сите оние дела поради кои може да дојде до нанесување на штета поради дело од корупција. На пример, дело на корупција може да биде извршено со злоупотреба на службените податоци, со цел да се оствари корист за себе или за друг. Исто така, при јавните набавки може да се оствари корист за себе или за друг, со тоа што ќе се дадат некакви податоци кои имаат влијание на конечниот избор на другата договорна страна или, пак, може да се врши влијание врз органот или правното лице што одлучува за прибавените понуди, по јавно објавениот конкурс, оглас или лицитација за јавни набавки или други јавни нарачки и работи.

Од одредбите на овој член не е пропишана и директна одговорност на службеното лице кое извршило некое дело на корупција, туку за такво дело одговара државата

односно органот на локалната самоуправа во чии органи вршел служба овој државен службеник. Евентуална директна одговорност на ваквиот државен службеник спрема оштетениот може да дојде само во случај доколку се исполнети условите од чл. 157 од ЗОО за одговорност на работодавецот за штетата што ќе ја причини работникот во работата или во врска со работата. Имено, според ст. 2 од тој член, оштетениот има право да бара надомест на штета и непосредно од работникот ако штетата ја причинил намерно.

Доколку државниот службеник има својство на орган на правното лице, во тој случај согласно со чл. 158 од ЗОО не може директно од државниот службеник да се бара надоместување на причинетата штета со дело на корупција.[71]

Во врска со останатите прашања, за основата на одговорноста на државата, за правото на надоместување на штетата на оштетеното лице, за регресното право на државата спрема државниот службеник, односно на органот на локалната самоуправа спрема неговиот службеник, за застареноста на правото за остварување на регресот и сл. важат истите правила и прописи како и за одговорноста поради терористички акти, јавни демонстрации или манифестации кои ги објаснивме во делот погоре од овој труд.

6.3. Одговорност за штета направена од меѓународни воени и други организации

За штетата направена од меѓународни воени и други организации одговорност е пропишана со чл. 169 од ЗОО, во кој е предвидено: „(1) За штета направена на правни и физички лица на територија на Република Македонија, од лица ангажирани во меѓународни воени или други организации со кои Република Македонија склучила договор, одговара државата. (2) Државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од меѓународната воена или друга организација или од лицето кое директно ја предизвикало штетата."

Претходен услов за да дојде до одговорност на државата согласно со одредбите на погоре цитираниот член, секако е постоењето на договор на Република Македонија со меѓународни воени или други организации на кои припаѓаат овие лица што нанеле штета на правни и физички лица на територијата на Република Македонија.

[71] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 308

Значи, треба да се докаже постоењето на таков договор, а покрај тоа и околноста дека лицето што ја направило штетата на правното или физичкото лице на територијата на Република Македонија припаѓа на тие меѓународни воени или други организации.[72]

Доколку штетата од ваквото лице е нанесена во врска со опасен предмет, односно опасна дејност, основите за одговорност на државата ќе се ценат според одредите од чл.159-164 од ЗОО.

По однос на регресното право на државата спрема меѓународната воена или друга организација, или спрема лицето кое директно ја предизвикало штетата, кое право е пропишано во одредбата од ст. 2 на погоре цитираниот чл. 169, важат истите правила и прописи како и за одговорноста поради терористички акти, јавни демонстрации или манифестации кои ги објаснивме во делот погоре од овој труд.

6.4. Одговорност на организаторот на приредби

Согласно со чл. 170, организаторот на приредби сноси одговорност за настанатата штета, односно организаторот на собирање на поголем број луѓе во затворен или на отворен простор одговара за штетата настаната од смрт или телесна повреда што некој ќе ја претрпи поради вонредни околности што можат да настанат во такви прилики, како што се бранување на масите, општ неред и слично, без оглед на постоењето на вина.

И во овој случај кај одговорноста на организаторот на приредби специфичностите се изразени по однос на определувањето што претставува штетата, што претставува штетното дејствие и кое е одговорното лице за надоместок на штетата.

Овде штетата е ограничена само на онаа што настанала од смрт или телесна повреда и која може да се појави како материјална и нематеријална штета.

Штетно дејствие овде претставуваат вонредните околности што можат да настапат во прилика кога се организира собирање на поголем број луѓе во затворен или на отворен простор и таа треба да е последица од делувањето на собраните луѓе. Исто така, таа треба да настапи на просторот на кој е собран поголем број на луѓе, односно при влегувањето или излегувањето од него. Во одредбата од погоре цитираниот член е даден пример за

[72] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 309

причината на настанувањето на штетата, како што се бранување на масите, општ неред или сл., кои можат да бидат предизвикани од неконтролирано движење или делување на собраните луѓе настанато поради различни околности, како што се: паника поради лажна узбуна, тепачка меѓу гледачите, фрлање на разни предмети, употреба на огнено оружје, временска непогода, пожар, рушење на трибините или на некој друг објект каде што е организирано собирањето и сл.

Одговорното лице во ваков случај е организаторот на собирањето на голем број луѓе, при што тој може да биде физичко лице, правно лице, спортски и културни организации, здруженија на граѓани и сл.

Како оштетено лице може да се јави гледач, учесник на тоа јавно собирање и сл., меѓутоа, може да биде и изведувач на музички настан или учесник во спортски игри итн., а во судската практика е признато и правото на надомест на штета на лице кое претрпело штета надвор од просторот на кој се одржува приредбата настаната со рушење на трибината покрај која тоа лице поминувало во време кога се одржувала приредбата.

По однос на основата на одговорноста, се смета дека таа лежи во ризикот создаден со собирање на поголем број луѓе, што значи дека се применуваат одредбите за одговорност без вина т.е. објективна одговорност за надоместување на причинетата штета. По однос на ослободувањето од одговорноста на организаторот на приредбата, во една судска одлука е изразено мислење дека невремето, доколку не е непосредна причина за оштетувањето, туку само ја доведува во вонредна ситуација масата на собрани луѓе, која маса како таква предизвикала оштетување, не се смета за причина за ослободување од одговорност на организаторот на спортски натпревар.[73]

6.5. Одговорност поради недавање на неопходна помош

Одговорен е тој што без опасност за себеси нема да му даде помош на лице чиј живот или здравје се очигледно загрозени, одговара за штетата што настанала од тоа, ако тој според околностите на случајот морал да ја предвиди таа штета. Ако околностите на

[73] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 310.

случајот и други околности бараат примена на начелото на справедливост, судот може штетникот да го ослободи од обврската за надоместок на штетата.[74]

Со одредбите на овој член е пропишана граѓанско-правната одговорност на оној што без опасност за себе нема да му даде помош на лице чиј живот или здравје се очигледно загрозени со тоа што таквото лице одговара за штетата што настанала од тоа, ако според околностите на случајот морало да ја предвиди таа штета.

Инаку, предвидена е и кривично-правна одговорност во вакви случаи, и тоа со чл. 136, 208 и 301 од КЗ. Така, според чл. 136 од КЗ одговара оној што нема да му укаже помош на лице кое се наоѓа во состојба на опасност за животот, иако тоа можело да го стори без опасност за себе или друг. Одговара лекар или друг здравствен работник кој спротивно на својата должност нема да му укаже неодложна медицинска помош на лице кое се наоѓа во опасност за животот.[75] Исто така, пропишана е кривична одговорност за возач на моторно возило или друго превозно средство кој ќе остави без помош лице повредено со тоа превозно средство.[76]

Специфичноста за штетното дејствие овде се состои во негативното однесување (пропуштање) на штетникот, во ситуации кога позитивното однесување (давање помош) е предвидено со закон заради спречување на настанување штета на лице кое се наоѓа во опасност. Во секој случај таквото неделување на штетникот треба да биде причина за настанување на штета, односно треба да се утврди со висок степен на сигурност, дека настапувањето на штетата би можело да се избегне ако била дадена помошта. Ако тоа не е случај, односно ако настапувањето на штетата воопшто не можело да се спречи и ако била дадена помошта, тогаш недавањето помош не би можело да се смета како причина за настанатата штета. Околност која го ослободува штетникот од одговорност е тој да не се изложува на опасност за себеси, како, на пример, непливач не може да му даде помош на некој што се дави во река или езеро, бидејќи и самиот би го загрозил со тоа својот живот. Меѓутоа, возач на возило кој поминува покрај оштетено лице кое интензивно крвари, не може да ја избегне одговорноста за надоместување на штета ако поради тоа што смета дека ќе му биде извалкано возилото не го стави повреденото лице во кола и не го однесе во болница.

[74] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 171.
[75] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 208.
[76] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 301.

Се смета дека во овој случај се работи за одговорност по основа на докажана вина.

При оцена на околностите кои укажуваат на одговорноста на штетникот, се поаѓа сепак од еден објективен критериум т.е. од она што редовно се очекува од еден просечно внимателен човек, меѓутоа, не може во потполност да се изостават и некои субјективни својства на лицето што се воздржало од давање помош, како што се: возраста, општото животно искуство, образованието, занимањето итн. На тоа упатува и одредбата од ст. 2, според кој ако околностите на случајот и други околности бараат примена на начелото на справедливост, судот може штетникот да го ослободи од обврската за надоместок на штета.

Инаку, штетата во вакви случаи се состои во материјална и нематеријална штета која настанала поради смрт, телесна повреда или нарушување на здравјето, додека исклучена е штетата настаната поради оштетување или уништување на имот. Лицето кое не дало помош одговара за целокупната штета настаната поради овие причини, без оглед дали морало да ги предвиди сите тие видови на штета, бидејќи пропишаното дека според околностите на случајот, штетникот морал да ја предвиди штетата, се однесува само на настанувањето на одговорноста, а нема цел да ја ограничи одговорноста само на штетите што морале да бидат предивени.[77]

6.6. Одговорност во врска со обврска за склучување договор

Според чл. 172 од ЗОО, лице кое според законот е обврзано да склучи некој договор, должно е да ја надомести штетата ако на барање од заинтересираното лице без одлагање не го склучи тој договор.

Иако едно од основните начела на облигационото право е учесниците во прометот слободно да ги уредуваат облигационите односи,[78] сепак ако некој според законот е

[77] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 311

[78] Закон за облигационите односи од 2001 година, чл. 191.

обврзан да склучи договор, заинтересираното лице може да бара таквиот договор да се склучи без одлагање.[79]

Во таа смисла, со одредбата од овој член е пропишано дека лице кое според законот е обврзано да склучи договор, должно е да ја надомести штетата ако на барање од заинтересираното лице без одлагање не го склучи тој договор.

Со овој член е предвидена граѓанско-правна санкција за лицето кое според законот е должно да склучи некој договор, а тоа не го стори на барање на заинтересираната страна без одлагање. Во вакви случаи може да настане и позитивна штета, на пример, лицето изградило куќа, а не е поврзано со инфраструктурните објекти, како што се: електрична енергија, вода и сл., може да претрпи штета како на својот имот, така и на лицата, поради неспроведување на хигиена и сл. Исто така, превозникот кој врши превоз на определена линија (линиски превоз) е должен да го прими на превоз секое лице и секој предмет што ги исполнуваат условите определени во објавените општи услови.[80] Ако тоа лице не го прими секое лице на превоз или секој предмет, а поради тоа на таквото лице му нанесе штета, исто така превозникот ќе одговара според одредбите на чл. 172 од ЗОО и ќе биде должно да ја надомести така причинетата штета.

6.7. Одговорност во врска со вршење работи од јавен интерес

Правните лица што вршат комунална и друга слична дејност од јавен интерес одговараат за штетата ако без оправдана причина ја запрат или нередовно ја вршат својата услуга.[81]

Оправданоста на оваа одредба се наоѓа во тоа што правните лица што вршат комунална и друга слична дејност од јавен интерес треба да ја вршат својата должност редовно, квалитетно и под што поповолни услови што произлегува од соодветните општи начела на ЗОО. Имено, задоволувањето на некои од основните животни потреби (снабдување со вода, електрична енергија, парно греење и сл.), а и на други потреби (користење јавен превоз, на пример) е можно скоро исклучиво со посредство на определени, посебни комунални или други организации кои покрај тоа најчесто имаат и монопол во поглед на вршењето на одделените услуги. Поради тоа и законот ја

[79] Закон за облигационите односи од 2001 година, чл. 19.
[80] Закон за облигационите односи од 2001 година, чл. 705 ст. 2.
[81] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 173.

предвидува оваа новина во одредбите за одговорноста, ако без оправдана причина ја запрат или нередовно ја вршат својата услуга.

Оправданоста на причините поради кои една ваква организација може да ја запре или нередовно да ја врши својата услуга е прашање кое се цени од случај до случај. Имено, на пример, ако биде прекинат електричниот вод, ќе се смета за оправдано неиспорачувањето на електрична енергија за времето што било неопходно потребно да се поправи таквиот електричен вод. Или ако пукне цевка за спроведување на вода, во тој случај, исто така, комуналното претпријатие за водовод е должно навремено да го отстрани оштетувањето на цевката, инаку во спротивно ќе одговара за подолготрајното неснабдување со вода на населението кое се снабдува со вода преку таа цевка.

Товарот на докажувањето дека постои оправдана причина за запирање, односно неуредно вршење на својата услуга, паѓа на правното лице кое врши комунална или друга слична дејност. Тоа правно лице го поднесува и ризикот што произлегува од постапките на вработените во него, па и ризикот на другите околности што произлегуваат од сферата на неговата работа, од околности кои правното лице мора да ги има секогаш под своја контрола.[82]

ГЛАВА II: ВИДОВИ И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

1. Видови на штета

Во правната теорија и во законодавствата се прави разлика помеѓу повеќе видови на штета. Се чини дека најзначајно е разликувањето на материјална и нематеријална штета, но значајни реперкусии во правните системи имаат и разликувањето на

[82] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 312

предвидливата од непредвидливата штета, обична штета и испуштена корист, сегашна и идна штета и сл.

Разликувањето на материјалната и нематеријалната штета се прави врз основа на видот на правното добро кое е оштетено, односно во поглед на кое настанала штета. Материјалната штета е штета која настанува во оглед на имотните добра на човекот. Таа може да се манифестира преку одземање, уништување или влошување на состојбата на едно имотно добро, односно како обична штета, која уште е позната и како проста односно стварна штета (lat. damnum emergens). Но, материјалната штета може да се манифестира и во вид на испуштена корист (lat. lucrum cesans), односно како штета што се состои во спречување на оштетениот да стекне одредено имотно право. За разлика од обичната штета која го погодува постоечкиот имот на едно лице, испуштената корист го погодува идниот имот. Во најголем дел од правните системи, за сите случаи, е предвидена обврска за надомест на сета материјална штета, односно и на обична штета и на испуштена корист. Исклучок претставува австрискиот Општ граѓански законик (§ 1324) кој за надомест на испуштената корист бара постоење на потежок вид на вина т.е. на намера или на крајно невнимание.[83]

Додека материјалната штета се однесува на она што оштетениот го има, неимотната штета се однесува на неговиот личен интегритет т.е. она што тој е.[84] Нематеријалната штета е штета причинета на личните или неимотни добра на човекот, како што се: животот, здравјето, физичкиот и психичкиот интегритет, слободата, честа, угледот, достоинството и др. Таа, според едно постаро стојалиште, се манифестира како физичка или психичка болка на оштетениот, страв, патење и слично, додека, пак, според новото стојалиште, кое е прифатено и во нашиот Закон за облигациони односи од 2001 година преку измените од 2008 година, нематеријалната штета се манифестира како повреда на личните права. Слично решение среќаваме и во Скицата на Законот за облигации и договори на Михајло Константиновиќ, во чл. 124, кој освен материјална штета познава и нематеријална или морална штета која се состои во „повреда на правата на личноста: слобода, чест, углед, срам, личен и семеен мир и други лични добра, како и нанесување на друг вид физичка или психичка болка (морална или нематеријална штета)“.

[83] Радевска М. (2015). Историски и компаративен развој на граѓанско-правната одговорност за причинета штета. Тетово, стр. 18

[84] 37 Радишиќ Ј., op. cit., стр. 199.

Постоењето на нематеријална штета во одредени случаи е правно релевантно и повлекува одговорност (ова се сите случаи кога е можна натурална реституција и случаите кога законот предвидува паричен надомест), но поради непостоењето на едно општо правило за надомест на секоја нематеријална штета во многу голем дел од случаите кога едно лице претрпува нематеријална штета, истата останува ненадоместена и оштетениот сам ја поднесува. Самиот надомест во овој случај е ограничен од повеќе аспекти, од кои за најзначајни ги сметаме барањето да постои потежок вид на вина на штетникот (вакво барање поставува швајцарскиот Закон за облигации во чл. 49), како и ограничувањата што одредени законодавства ги предвидуваат за надомест на нематеријална штета кај договорната одговорност (примери среќаваме во судската пракса на Босна и Херцеговина).[85]

Предвидлива штета е онаа што штетникот ја предвидел или требало (морал) да ја предвиди во моментот на преземање на штетното дејствие, односно во моментот на пропуштање на тоа дејствие, со оглед на фактите што тогаш му биле познати или требало да му бидат познати. Непредвидлива штета е онаа што со оглед на околностите во кои било преземено штетното дејствие, односно во кои бил склучен одреден договорен облигационен однос, не можела да се предвиди.

Правните правила се тие кои одредуваат која од овие два вида на штета ќе биде правнорелевантна во одреден случај. Така, за носителот на граѓанско-правна одговорност може да настане обврска за надомест на предвидливата штета или за надомест на непредвидливата штета. Секако за должникот е потешка обврската да ја надомести непредвидливата штета и затоа оваа обврска најчесто е поврзана со одговорноста за причинета штета што се заснова на потешките видови вина (намера или крајно невнимание).[86]

Обврската за надомест на предвидливата штета, пак, често ја среќаваме во рамките на договорната одговорност, како во домашното законодавство, така и во меѓународните правни извори. Таа, главно, се состои во обврската на договорната страна која направила повреда на договорната обврска, да ја надомести штетата што другата страна ја претрпела

[85] Радевска М. (2015). Историски и компаративен развој на граѓанско-правната одговорност за причинета штета. Тетово, стр. 19

[86] Радевска М. (2015). Историски и компаративен развој на граѓанско-правната одговорност за причинета штета. Тетово, стр. 20

како последица на повредата. Поимот „предвидлива штета“ во овој случај претставува правен стандард и неговиот износ го определува судот во секој конкретен случај, раководејќи се од фактите што му биле познати на одговорното лице или морало да му бидат познати, со цел да го определи износот на штетата што лицето требало (морало) да го предвиди во моментот на склучувањето на договорот. Вака определениот износ, всушност, претставува горната граница на износот на должниковата обврска, односно обврската за надомест на штета по својот износ не може да го надмине износот на предвидливата штета во конкретниот случај.[87]

2. Поим за надомест на штета

Најпросто кажано, надоместувањето на штета претставува отстранување на штетните последици од причинувањето на штета. Како резултат на настанувањето на облигационите односи со причинување на штета, се разбира, при исполнетост на општите и посебните услови, за оштетениот се појавува правото настанатата штета да му се надомести, а за штетникот обврска да ја надомести штетата. Обврската за надомест на штета настанува во согласност со правилата на објективното право и во принцип не зависи од волјата на одговорното лице ниту од волјата на оштетениот. По исклучок, штетникот и оштетениот може да се договорат дека за штетникот нема да настане обврска за надомест на штета или таа обврска нема да се ефектуира (на пример, простување на долг).[88]

Обврската за надомест на штетата се смета за стасана од моментот на настанувањето на штетата.[89] Со ваквата определеност во ЗОО дека обврската за надомест на штета се смета за стасана од моментот на настанување на штетата, всушност, определен е истиот момент за стасаност и за настанување на обврската за надоместокот на штетата. Од тој момент започнува да тече и рокот на застареноста за остварувањето на правото на надоместок на штетата. Значи, со моментот на предизвикувањето на штетата

[87] Договорна одговорност за предвидлива штета среќаваме во чл. 255 од ЗОО, како и во следниве одредби од меѓународните извори на договорното право: Art. 74 Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки од 1980, Art. 9: 503 Принципи на европско договорно право, Art. 7. 4. 4. Принципите на UNIDROIT за меѓународни трговски договори.

[88] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 747

[89] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 175.

настанува, односно се создава облигационо-правниот однос што својот извор го има во предизвикувањето на штетата, во кој одговорното лице е должник на обврската за надоместот на штетата, а оштетеното лице е доверител на правото на надоместок на штетата. Притоа, секако треба да се има предвид и одредбата од чл. 365 од ЗОО според која побарувањето на надоместокот на причинета штета застарува за три години од денот кога оштетениот узнал за штетата и за лицето што ја сторило штетата, но во секој случај ова побарување застарува за пет години од кога настанала штетата.[90]

3. Надомест на материјална штета

Надоместувањето на материјалната штета претставува отстранување на штетните последици настанати од штетното дејствие на штетникот врз имотот на оштетениот. Притоа, во зависност од видот на надоместувањето имотот се доведува во онаа натурална или вредносна состојба во која бил и пред да настане штетата.

Надоместувањето на материјалната штета во основа има репараторна функција, бидејќи е насочено кон отстранување на штетните последици настанати од штетното дејствие. Но, во одредена мера има и превентивна функција, бидејќи „заканата" дека штетата ќе се надомести на одреден начин влијае врз лицата како потенцијални штетници да се воздржат од дејствија со коишто на други лица би им се причинила штета.

По правило, надоместувањето на штетата го врши штетникот како одговорно лице. Во одредени случаи надоместувањето може да биде префрлено и врз друг. Така врз основа на Договор за осигурување, наместо штетникот, штетата е должен да ја надомести осигурувачот. На овој начин, ако така може да се каже, доаѓа до социјализација на ризикот: одговорноста во случај на остварување на осигуреиот случај се префрла од реалниот штетник врз осигурителната компанија како осигурувач, кој, инаку, ниту ја причинил штетата со свое дејствие, ниту, пак, бил виновен за нејзиното настанување. Меѓутоа, во одредени услови надоместот што го исплатил осигурувачот на оштетениот може во регресна постапка да му биде надоместен од осигуреникот како реален штетник.[91]

[90] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 315

[91] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 748

3.1. Видови на надоместување на материјална штета

Материјалната штета се надоместува материјално, при што тоа може да се изврши на два начини: преку враќање на имотот во состојбата во којашто бил пред да настане штетата (познат како натурална реституција) или преку враќање на имотот во онаа вредносна состојба во којашто бил пред да настане штетата (познат како парична реституција).

3.1.1. Враќање во поранешна состојба (натурална реституција)

Натурална реституција претставува враќање во поранешна состојба, односно воспоставување на состојбата на стварта којашто била пред да се случи штетата. Има три вида на реституција, и тоа: индивидуална реституција којашто значи враќање на истиот предмет (на пример, враќање на предметот којшто бил одземен); вториот вид е генерична реституција, а тоа е давање на заменливи предмети на местото на тие што биле одземени или, пак, оштетени (во еднаков квалитет и количина од одземените предмети); третиот вид е реституција во вид на трошоци. Иако се однесува во давање на пари за поправање на предметот, сепак тоа не претставува надомест на штета бидејќи оштетениот го добива назад предметот во состојбата во која се наоѓал пред оштетувањето. Во принцип натуралната реституција се врши само кога тоа е можно. Фактичка неможност претставува кога пропаднал индивидуално определен предмет. Правна неможност постои кога враќањето во претходната состојба би значело и повреда на позитивно правните прописи.

Во случаите кога натуралната реституција не е можна, ќе дојде до надомест на штетата. Во нашиот правен систем постои задолжителност на реституцијата, што претставува дека штетата првенствено и задолжително се поправа со натуралната реституција.

Меѓутоа, во пракса паричниот надомест се јавува многу почесто од натуралната реституција и тоа поради практични причини (воспоставувањето во претходна состојба не секогаш е можно, а извршувањето на паричната надомест е едноставно).[92]

[92] Стојкоска А. (2018). Штета, надомест на штета со посебен осврт на штета случена при сообраќајна незгода. Битола, стр. 49

3.1.2. Паричен надомест (вредносна реституција)

Паричното надоместување претставува доведување на имотот на оштетениот во онаа вредносна состојба во која се наоѓал непосредно пред причинувањето на штетата. Тоа може да се постигне со еднократно парично надоместување во определен износ, со последователни давања, кои се појавуваат како парична рента, со плаќање договорна казна и со плаќања на затезна камата. Паричното надоместување се врши со еднократно давање на определена сума пари секогаш кога е можно во моментот на надоместувањето да се утврди неговата вредност изразена во пари, но ЗОО и изрично предвидува еден случај во кој се врши такво надоместување. Кога предметот на имателот му бил одземен на недозволен начин, пропаднал поради виша сила, одговорното лице е одговорно да даде надомест во пари.[93] Паричното надоместување се врши со последователни давања во пари кои се појавуваат како парична рента кога материјалната штета е причинета со смрт, телесна повреда или оштетување на здравјето.[94] Притоа паричната рента се исплаќа доживотно или за определено време. Причина за ова е затоа што надоместувањето на таквата штета по правило не може да се утврди во еднократен паричен износ. Паричната рента досудена на име надомест на штетата се плаќа месечно однапред, освен ако судот не определи нешто друго.[95] Оштетениот има право да бара потребно обезбедување за исплата на рентата, освен ако тоа, според околностите на случајот, не би било оправдано. Доколку штетникот не го даде обезбедувањето што ќе го определи судот, оштетениот има право да бара наместо рента да му се исплати една вкупна сума, чија висина се определува според висината на рентата и веројатното траење на животот на оштетениот со одбивање на соодветните камати. Кога постојат определени сериозни причини, оштетениот може и во други случаи да бара, веднаш или подоцна, наместо рента да му се исплати една вкупна сума. Надоместувањето на штетата со плаќање на затезна камата е случај кога должникот плаќа во задоцнување со враќање на главниот долг кој се состои во одреден паричен износ. Во тој случај, со плаќањето со затезната (казнената) камата, меѓу другото се надоместува и штетата што доверителот ја претрпел од задоцнувањето на должникот. Ист е случајот и со договорната казна со таа разлика што таа се плаќа во случај кога

[93] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 176.
[94] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 177, ст. 1.
[95] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 177, ст. 2.

должникот ќе задоцни со исполнување на непаричен влог (пример: задоцни со предавање на станот кој се обврзал да го изгради и продаде на купувачот во точно определен рок.)

3.2. Обем на надомест на материјална штета

За тоа колкав треба да биде обемот на надоместот на материјалната штета пропишано е во чл. 178-181 од ЗОО.

3.2.1. Надомест на обична штета и испуштена корист

Оштетениот има право како на надомест на обичната штета, така и на надомест на испуштената корист. Висината на надоместот на штетата се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако нешто друго не е уредено со закон. При оцената на висината на испуштената корист се зема предвид добивката што можела основано да се очекува според редовниот тек на работите или според посебни околности, а чие остварување е спречено со штетниковото дејствие или пропуштање на оштетениот. Кога предметот е уништен или оштетен со кривично дело сторено со умисла, судот може да ја определи висината на надоместот според вредноста што предметот ја имал за оштетениот.[96]

И според одредбите на чл. 178 од ЗОО и според одредбите од чл. 179 се има предвид интегрален надоместок на причинетата штета, било тој да се состои во паричен надоместок, било во воспоставување на поранешната состојба.

Во секој случај, кога се определува надоместок на обичната штета, а и на испуштената корист, треба да се имаат предвид конкретните ситуации, конкретните прилики за конкретно определните лица, за оштетеното и за одговорното лице.

Посебно во врска со испуштената корист треба да се имаат посебните околности, според кои оштетеното лице би остварувало добивка да не било штетното дејствие или пропуштање на штетникот, имајќи ги предвид посебните субјективни и објективни околности во кои се наоѓало оштетеното лице.

Според одредбата од ст. 2 од од чл. 178 до ЗОО, височината на надоместокот на штетата се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука,

[96] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 178.

освен во случајот кога законот наредува нешто друго. Тоа се однесува како на надоместокот на обичната штета, така и на надоместокот на испуштената корист. Притоа, под цени се подразбираат тековните, секојдневните цени, а можат да бидат земени предвид цените кои слободно се формираат (пазарните, прометните цени) или цените што се определени со присилни прописи.

При оцената на висината на испуштената корист секако треба да се земат предвид сите околности според кои добивката можела да се очекува според редовниот тек на работите, или според посебните околности, каде што би била помала или поголема. Во секој случај, испуштената корист треба да биде последица на штетниковото дејствие или пропуштање, а се досудува само во случај кога оштетениот имал намера таква корист да оствари. На пример, лице кое поседува автомобил само за лична употреба, само за довезување до работното место и назад и за излети и сл., не може да бара и надоместок за испуштената корист бидејќи со таквиот автомобил не остварувал добивка. Меѓутоа, ако на еден такси возач му е уништено или оштетено моторното возило со кое ја врши дејноста, во таков случај секако тој ќе има право и на надоместок на испуштената корист покрај она што треба да му се досуди како надомест на обичната штета.

Со одредбата од ст. 4 од чл. 178 од ЗОО регулирано е прашањето за таканаречена афекциона вредност на уништениот или оштетениот предмет. Имено, според таа одредба, кога предметот е уништен или оштетен со кривично дело со умисла, судот може да ја определи висината на надоместокот според вредноста што предметот ја имал за оштетениот. Кривичното дело е сторено со умисла кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното постапување. [97] Нема никакво значење дали уништениот или оштетениот предмет, објективно гледано, имал значителна вредност (цена), туку тоа што тој од гледиштето на имателот може да има големо значење, па и голема вредност (цена). Досудената афекциона вредност во овој случај има значење на надоместок на нематеријална штета.

Доколку се работи на надоместок за парична штета, што не е регулирано со одредбите од чл. 178 од ЗОО, во тој случај, според начелото на монетарниот номинализам, се исплатува оној број на парични единици на кој гласи паричната штета. Меѓутоа, од

[97] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 13.

тогаш натаму, т.е. од кога настанала паричната штета, должникот му должи на оштетениот затезна камата. Така, на пример, ако оштетениот го поправил предметот и за тоа платил определена сума, тогаш нему му се досудува надоместок во пари и тоа во онолку парични единици колку што тој платил, а од денот од кога го платил тој износ му се досудува затезна камата до денот додека должникот односно штетникот не му го плати досудениот износ. Меѓутоа, до денот на поправката на оштетениот предмет, оштетениот има право, доколку се исполнети условите за тоа, да бара надоместок за испуштената корист. Секако при досудување на надоместок на штетата треба да се има предвид дека исто така се досудува таков надоместок чија цел е во целост да ја доведат материјалната состојба на оштетениот во онаа состојба во која би се наоѓала да немало штетно дејствие или пропуштање.[98]

3.2.2. Целосен надомест

Судот земајќи ги предвид и околностите што настапиле по причинувањето на штетата, ќе досуди надомест во износ кој е потребен материјалната ситуација на оштетениот да се доведе во онаа состојба во која би се наоѓала да немало штетно дејствие или пропуштање.[99]

За разлика од надоместувањето на обичната штета и испуштената корист, овде имаме еден дополнителен елемент (критериум), кој судот треба да го има предвид во моментот на пресудувањето за да се постигне тоа, а имено судот треба да ги има предвид и околностите што настапиле по причинувањето на штетата. Според ова, значи судот во врска со досудувањето на надоместокот на штета ќе досуди: надоместок на материјалната штета во пари според цените на обичната штета и испуштената корист или според афекционата вредност на предметот во време на донесувањето на судската одлука, како и затезна камата од денот на донесувањето на првостепената пресуда па до денот на исплатата на надоместокот, а и трошоци на постапката (спорот) според одлуката на судот; надоместок на паричната штета определена според моментот на настанувањето на штетата во висина на претрпената парична штета, во која ќе ги опфати и затезните камати од денот

[98] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 318

[99] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 179.

на настанувањето на паричната штета, па до денот на исплатата на досудената парична штета, како и трошоци на спорот според одлуката на судот. Се разбира дека сево ова може да влезе во поимот „околности што настапиле по причинувањето на штетата", но може да се појават и други околности кои би можеле да влезат во тој поим, а кои судот би требало да ги има предвид при досудувањето на надоместокот на штетата.

Тука, на пример, оштетеното лице може да го продаде оштетениот предмет за цена далеку помала од онаа што тој би ја имал да не била причинетата штета. Во таков случај, тоа лице ќе има право да бара разлика во цената, како и затезна камата, од моментот кога го продало предметот до денот кога ќе биде платена од страна на штетникот цената што тој би можел да ја оствари доколку го продал предметот неоштетен. Притоа, доколку со затезната камата во сите понапред спомнати случаи не се покрива вистинската штета, односно не се добива целосен надоместок, оштетениот може да бара и разлика до целосниот надоместок.[100]

3.2.3. Намалување на надоместот

Судот може, водејќи сметка за материјалната состојба на оштетениот, да го осуди одговорното лице да исплати помал надомест отколку што изнесува штетата, ако таа не е причинета ни намерно ни со крајно невнимание, а одговорното лице е во слаба имотна состојба, па исплатата на целосниот надомест би го довела во оскудност. Ако, пак, штетникот причинил штета работејќи нешто за корист на оштетениот, судот може да определи помал надомест, водејќи сметка за грижливоста што штетникот ја покажува во сопствените работи.[101] Ова претставува отстапување од начелото на таканаречената комутативна правда, т.е. досудување надомест на штета сообразно со нејзината висина, како што е определено во чл. 179 од ЗОО. Овде се работи за примена на начелото на таканаречена дистрибутивна правда, бидејќи судот при досудувањето на надоместокот на штетата, тој надоместок може да го намали под нејзината вистинска височина, со оглед на имотната состојба на оштетениот, имотната состојба на штетникот, степенот на грижливоста што штетникот ја покажувал во сопствените работи, степенот на вината и други околности. Овде не се предвидува дека судот ќе отстапи од досудувањето на

[100] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 267.
[101] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 180.

целосен надоместок според начелото на справедливост, туку напротив, точно ги определува причините поради кои може да го намали надоместокот. Меѓутоа, за да изврши намалување на надоместокот, судот претходно мора да го утврди целосниот надоместок, а потоа повикувајќи се на погоре наведените околности, да го намали надоместокот, точно образложувајќи и наведувајќи врз основа на која околност од пропишаните тоа го сторил.

Една од претпоставките за намалување на надоместокот се состои во тоа оштетениот да причинил штета работејќи нешто заради корист на оштетениот. Таа претпоставка е исполнета во случај кога и штетата и користа се последица на еден ист настан, а од тоа да произлезе одговорност на штетникот. Потоа, и штетата и користа треба да се од материјална природа за да би можело да дојде до засметување на користа при одмерување на надоместокот на материјалната штета. На крајот, при засметувањето на користа што за оштетениот произлегла од дејствието на штетникот не можат да се земат предвид користите што оштетениот ги имал според други правни односи од други лица. Со оглед на тоа што материјалната штета и материјалната корист чинат пресметковно единство при одмерувањето на надоместокот на материјалната штета, реалниот обем на надоместокот се добива со споредување на имотната ситуација на оштетениот пред да ја претрпи штетата и онаа што ја има после оштетувањето на имотот, засметувајќи ја и материјалната корист која за него произлегла од штетниот настан. Доколку ова не се стори, се смета дека би дошло до неосновано збогатување на оштетениот, па затоа судот треба грижливо да ги оцени сите околности за да може да одлучи по барање на оштетениот за намалување на надоместокот.[102]

3.2.4. Поделена одговорност

Оштетениот кој придонел штетата да настане или да биде поголема отколку би била инаку, има право само на сразмерно намален надомест, а во случаи кога е невозможно тоа да се утврди, односно кој дел од штетата произлегува од дејствието на оштетениот, судот ќе досуди надомест водејќи сметка за околностите на случајот.[103]

[102] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 322

[103] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 181.

Овде станува збор за поделено поднесување на последиците во врска со предизвиканата штета меѓу оштетениот и одговорното лице, а не на делба на одговорноста. Всушност одговорноста на одговорното лице и во двата случаи се намалува на извесен износ во споредба со износот на причинетата штета. За штетата чие предизвикување му се припишува на оштетеното лице, тоа лице не одговара, туку самото тоа си ја сноси штетата во таа смисла што на неа нема право на надомест. Значи, кај него нема одговорност за тој дел од штетата, бидејќи тој никому не одговара за неа, туку едноставно му се смалува надоместокот за оној дел што тој го предизвикал.

Придонесот на оштетениот кон причинување на штетата со дејствија на оштетениот како објективен факт се зема предвид без оглед на тоа каков е неговиот субјективен однос според причинувањето на штетата со сопствени постапки. Судот, значи, при одлучувањето за поделената одговорност не води сметка за субјективнот однос на оштетениот спрема дејствијата со кои тој придонел за настанувањето на штетата, ниту тоа го зема предвид како мерило за утврдувањето на износот на сразмерното намалување на надоместокот на штетата, туку како мерило што се зема предвид е мерата на учеството во сопствената штета, па за толку се смалува надоместокот на штетата што треба да ја сноси одговорносто лице. Значи, овде надоместокот на штетата што го плаќа штетникот се сведува на онаа што тој всушност ја предизвикал. Па така, судот ќе го утврди целиот износ на штетата што ја претрпел оштетениот, па надоместокот ќе го смали за онолку колку што оштетениот придонел штетата да настане или да биде поголема. Тоа е во случај кога тој придонес на оштетениот може да се утврди. Меѓутоа, кога не е можно да се утврди кој дел од штетата произлегува од штетниковото дејствие, судот ќе досуди надоместок водејќи сметка за околностите на случајот.[104]

4. Надомест на нематеријална штета

Надоместокот на нематеријалната штета почнува да се јавува во различни облици, под влијание на хуманизмот, кога почнува да добива вредност животот на човекот, неговата недопирливост и неповредливост.

[104] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 323

Размислувањето за нематеријалната или морална штета, или како што уште се нарекува – неекономска штета, во правната наука треба да биде во прв план, поради фактот што прецизно дефинирање на нематеријалната штета скоро и не е можно, а како што тешко се дефинира, така и тешко се одредува. Кај материјалната штета тоа е сосема полесно, како што претходно кажавме, бидејќи таа претставува повреда на имотот на некое лице, односно имотна загуба, и се надоместува со воспоставување на претходна состојба или со паричен надомест. Нематеријалната штета не може да се отстрани ниту со воспоставување на претходна состојба ниту со паричен надомест.

Оттука, се поставува прашањето како ќе се надомести нешто што не може да се изрази материјално? По правило, нематеријалната штета се надоместува нематеријално, но најчесто надоместокот е изразен во паричен износ, кој нема функција на компензација, туку тоа е еден вид сатисфакција која на оштетениот му ја олеснува болката, со тоа што ќе му овозможи да купи некое друго материјално добро или да му овозможи некое уживање.

4.1. Нематеријално надоместување на нематеријална штета

Нематеријалното надоместување на нематеријална штета е возможно само во ситуациите кога може да се воспостави состојба којашто постоела пред настанувањето на штетата. Ова е случај со повредата на некои т.н. лични добра како што се: угледот, честа, слободата на личниот мир и некои други права поврзани со тие добра. [105]

Според одредени сфаќања во теоријата, личните права се субјективни права на личните добра во кои спаѓаат оние опфатени со одредбите од ст. 2 од чл. 9-а од ЗОО. Според овој став, како лични права се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личност и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права.[106] Овие права му овозможуваат на имателот своето лично добро да го остварува преку тоа што ќе го ужива и што може, во одреден степен, да располага со него. Во објективното право, како посебна гранка од правото, постои лично право, кое претставува вкупност на нормите со кои се уредуваат односите по повод на личните добра на начин што на имателите на личните добра им признава субјективни права врз нив, а на сите останати лица им наметнува обврска тие

[105] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 756
[106] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 9-а ст. 2.

добра да не ги повредуваат, а во случај на повреда на нивниот имател да му обезбедат заштита спрема оној кој ги повредил. [107]

Основни видови на лични права на физичко лице според одредени сфаќања се: правото на живот, правото на телесно здравје, правото на душевно здравје, правото на достоинство, правото на слобода и правото на различност.[108]

Според странската судска практика, под лични права се подразбира и заштита на личноста од објавување на писмата и доверливите списи, од тајно направените фотографии (право на сопствената слика), правото на изговорениот збор (тајно направена аудиоснимка), соопштување на настани и факти од приватната сфера и заштитата на честа. Со еден збор, се работи за повеќе заштитени позиции што правниот поредок ѝ ги признава на определена личност, меѓу кои се, без сомнение, честа и угледот на поединецот, правото на име, слободата на движење, на интимниот приватен живот, на слободата на вероисповест, на стопанска дејност итн.[109]

Во ваквите случаи, кога има повреда на личните права, по правило, до надоместувањето на штетата доаѓа со објавување на пресуда или на исправка и со враќање на работите во поранешна состојба.

4.1.1. Објавување на пресуда или исправка

Во случај на повреда на личните права, оштетениот може да бара, а судот да нареди на трошок на штетеникот, објавување на пресудата, односно исправката, повлекување на изјавата со која е сторена повредата или нешто друго со што може да се оствари целта која се постигнува со справедливиот непаричен надоместок.[110]

Објавувањето на пресуда или исправка претставува морално (непарично) надоместување на нематеријалната штета (сатисфакција). Таквата сатисфакција судот може да ја досуди и со тоа што ќе го задолжи штетникот да ја повлече изјавата со која е

[107] Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик, стр. 38
[108] Ивица Црниќ, статија „Права особности правне особе“ во списанието „Право и господарству“ бр. 4/2006, стр. 244-265
[109] Визнер Б. (1978). Коментар на Законот за облигационите односи, книга втора. Загреб, стр. 198.
[110] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 188.

сторена повредата или нешто друго, со што може да се оствари целта која се постигнува со справедливиот паричен надоместок.

Повлекувањето на дадената изјава со која е сторена повредата на личните права на оштетениот, како вид на непарична сатисфакција, е можно само тогаш ако таа се однесува на определени факти, а не и во случај кога таа е вредносен суд за една личност, без намера на омаловажување. Овде по аналогија, нема да се казни тој што навредливо ќе се изрази за друг во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако од начинот на изразувањето или од другите околности на делото произлегува дека тоа нема значење на навреда или не предизвикало значителна повреда на честа и угледот на личноста.[111]

Во врска со правото оштетениот да бара објавување на исправка или на одговор, во случај на повреда на личните права сторени со објавување во медиумите, во нашето право не постои закон кој би се однесувал на сите медиуми.

Меѓутоа, според Законот за радиодифузна дејност, секое физичко или правно лице има право да бара од одговорното лице на радиодифузерот бесплатно да објави исправка, односно одговор на емитуваната неточна, односно нецелосна информација со која се повредува легитимното право или интерес на лицето, особено на неговото достоинство, чест или углед. Барањето за објавување на исправката, односно на одговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на објавувањето на информацијата на која се однесува исправката, односно одговорот. Во барањето се наведува информацијата на која се однесува исправката, односно одговорот, како и датумот и часот на нејзиното емитување. Барањето за исправка, односно за одговор, се поднесува во пишана форма и мора да ги содржи сите потребни податоци за подносителот и неговата адреса.[112]

4.1.2. Враќање на работите во поранешна состојба

Надоместувањето на нематеријалната штета во вид на враќање на работите во поранешна состојба, односно какви што биле пред повредата на личните права на

[111] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 176 ст. 1.
[112] Закон за радиодифузната дејност од 2005 година, пречистен текст, чл. 152.

оштетениот, често пати тешко е остварливо. Тоа не може да се постигне поради разни причини, на пример, затоа што пресудата или исправката која е јавно објавена, не ја прочитале истите лица кои биле запознати со повредата на личното добро, односно со правата на личноста на оштетениот, затоа што објавената пресуда или исправка не е, со оглед на општествената состојба, во можност да го отстрани секое сомневање во однос на оштетениот. Но, и покрај тоа, на овој начин надоместувањето на нематеријалната штета има големо значење затоа што зад себе го има авторитетот на судот.[113]

Од погоре наведеното, под враќање на поранешна состојба не треба да се подразбира стонастотно воспоставување на состојбата што постоела пред да настане нематеријалната штета, туку воспоставување на онаа општествена и правна состојба која за оштетениот постоела пред причинувањето на штетата.

4.2. Парично надоместување на нематеријалната штета

Надоместувањето на нематеријалната штета може да се состои во обврска на штетникот да плати определена сума пари. Паричното надоместување на нематеријалната штета оштетениот секогаш може да го побарува, а оправданоста на тоа барање ја цени судот.

За паричното надоместување на нематеријалната штета во законодавството, во судската практика и во правната теорија постојат две крајно спротивставени гледишта. Според едното, нематеријалната штета не може да се надомести во пари, а според другото гледиште, таа може и треба да се надоместува во пари.[114]

Она што се поставува како прашање кај паричното надоместување на нематеријалната штета не е дали тоа треба да се овозможи, бидејќи несомнено треба, туку во колкав обем и во која висина тоа треба да се направи. Ова претставува едно комплексно прашање, на кое одговорот би бил предолг, а со оглед на просторот во овој труд, само накратко ќе се осврнеме на истото.

Разгледувајќи ги одредбите од Законот за облигациони односи, како lex generalis во конкретниот случај, најпрво потребно е да се дефинираат лицата кои имаат право да бараат надомест на нематеријална штета, а потоа да пристапиме кон разгледување на

[113] Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ, стр. 756.
[114] Јаксич С. (1957). Облигационо право, општ дел. Сараево, стр. 295-300.

критериумите кои законодавецот ги предвидел за утврдување на нејзиниот износ. Лица кои имаат право на надомест на нематеријална штета според нашето право се:

- физички лица кои претрпеле повреда на лични права;

- правни лица кои претрпеле повреда на личните права;

- брачниот другар, деца и родители на едно лице, во случај на негова смрт или тежок инвалидитет;

- браќата и сестрите, дедовците и бабите, внуците и вонбрачниот другар ако меѓу нив и повреденото/умреното лице постоела потрајна животна заедница;

- родителите, во случај на зачнато, а неродено дете.

Она што се појавува како наредно прашање е: Како ќе се определи висината на надоместот на нематеријална штета, во случај кога се исполнети сите претпоставки и наведените лица имаат право да бараат таков надомест?

На ова место сметаме дека е потребно да го споменеме барањето содржано во нашиот ЗОО пред неговото нивелирање во 2008 година. Според старото правно правило, кое се содржеше во членот 189, став 2 гласи: „При одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за висината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се спојливи со неговата природа.“ Со ваквата правна регулатива се поставуваа неколку општи критериуми според кои судот треба да се раководи во утврдување не само на основаноста на барањето за надомест на нематеријална штета, туку и на висината на нематеријалната штета. Се работеше за следниве критериуми:

- значењето на повреденото добро,

- целта за која служи тој надомест и

- со надоместот не треба да се остваруваат стремежи што се неспојливи со неговата природа.

Со нивелирањето на овој закон во 2008 година се направени измени на овој член и променет е насловот, како и неговата содржина. Сега членот 189 се однесува на справедлив паричен надомест и ја има следнава содржина: „Во случај на повреда на личните права, судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместокот на

материјалната штета, како и во отсуство. При одлучувањето за барањето за справедлив паричен надомест судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се споиви со неговата природа и општествената цел. За повреда на правото на углед и другите лични права на правните лица судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство. Покрај овие правила, во одделни случаи, кога тоа со друг закон е поинаку уредено, ќе се применуваат и правилата од тој закон.“

Иако не е децидно кажано дека критериумите се однесуваат на одредување на висината на справедливиот паричен надомест, сепак сметаме дека одредбата е со општ карактер и во неа се содржани единствени критериуми за определување на основаноста на едно барање за надомест на нематеријална штета исто како и критериумите за определување на висината на надоместот на нематеријална штета. Од одредбата се изделува листата на следниве критериуми:

1. силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв;

2. целта за која служи надоместокот;

3. надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествената цел.

Ваквата измена не е од суштествен карактер, бидејќи во принцип остануваат истите критериуми кои беа воспоставени и со ЗОО од 2001 година. Главно новината се однесува на проширување на случаите кога постои основа за барање надомест на нематеријална штета и една терминолошка новина во поглед на надоместот на нематеријална штета кој со новината се нарекува справедлив паричен надомест на нематеријална штета.

Новината содржи уште една измена која е содржана во член 192-а, а се однесува на втасаност и висина на справедливиот паричен надомест. Според овој член: „Обврската за исплата на справедливиот паричен надомест стасува со денот на донесувањето на првостепената пресуда со која е определена висината на овој надомест. При одлучувањето за висината на справедливиот паричен надомест, судот ќе го земе предвид и времето

изминато од настанувањето на штетата до донесувањето на одлуката, ако должината на чекањето на сатисфакцијата и другите околности го оправдуваат тоа.“ Од него произлегува уште еден критериум воспоставен од законодавецот за определување на висината на надоместот на нематеријална штета – времето изминато од настанување на штетата до донесување на одлуката.[115]

Судовите се оние кои имаат дискрециono право да одлучат за висината на надоместот на нематеријална штета. Основата на нивното одлучување е извештајот на медицинските експерти кои имаат активна улога во случај на проценување на паричната вредност на нематеријалната штета и износот на нејзиниот надомест.

Одредбите за поделена одговорност и за намалување на надоместот на штета што важат за материјалната штета сообразно се применуваат и врз нематеријалната штета.[116]

Судот, на барање на оштетениот, ќе досуди справедлив паричен надоместок и за идна нематеријална штета, ако според редовниот тек е извесно дека таа ќе трае и во иднина.[117] При ова треба да се има предвид дека она што ја карактеризира идната штета, односно правилото за нејзин надомест, е околноста дека таа е извесна штета т.е. дека таа ќе трае и во иднина. Значи станува збор за таков вид на штета која според самата своја природа се појавува континуирано, така што се простира и во времето, како на пример душевни болки поради трајна нагрденост.

[115] Радевска М. (2017). Критериуми за утврдување на нематеријална штета во нашето и споредбеното право. Штип, стр. 4-6

[116] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 194.

[117] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 192.

ГЛАВА III: ШТЕТА И НАДОМЕСТОТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД КРИВИЧНО ДЕЛО

1. Кривично дело и кривична одговорност

Најнапред во овој дел од трудот потребно е да објасниме некои кривично-правни поими и одредби од Кривичниот законик на РМ, со цел да се добие една целовита слика што претставува штета причинета од кривично дело и која штета може да се смета како таква.

1.1. Поим и елементи на казненото дело

Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.[118] Ваквата законска одредба со која се определува

[118] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 7.

поимот на кривичното дело не содржи целовита дефиниција на поимот бидејќи истакнува само одредени негови елементи: дејствието, предвиденоста во законот и противправноста. Другите елементи на тој поим можат да се изведат од одредбите на КЗ за казнената одговорност и казната и другите санкции.

Нивната анализа упатува на децидиран одговор на прашањето – дали КЗ поаѓа од објективниот или од објективно-субјективниот поим на казненото дело. Објективниот поим под казнено дело подразбира дејствие на човекот што претставува повреда на заштитените добра во објективна смисла, без никакви понатамошни субјективни елементи на страна на сторителот. Во современото казнено право е владејачки објективно-субјективниот поим, според кој казненото дело е дејствие на виновен сторител забрането со закон. Неговото прифаќање резултира од уважувањето на основните криминално-политички постулати на демократската правна држава, пред сè на стојалиштето дека да се казнува само она забрането дејствие што може да му се препише на вина на сторителот значи исто што и да се постави непречекорлива бариера за државното право на казнување. Тоа е ограничено само на она предизвикување на забранета последица што заслужува прекор поради субјективниот однос на сторителот кон неговото дело. Оттука, казненото право треба да се занимава само со делата на виновни сторители.

Од одредбите за казнената одговорност во КЗ произлегува заклучокот дека нашиот законодавец се определува за објективно-субјективниот поим, владејачки во современото казнено право: се казнува само виновен сторител, нема казнено дело без вина. Но, покрај тоа, КЗ го познава и посебниот објективен поим на казнено дело без вина, резервиран за непресметливи лица. Од самата законска дикција на одредбата за непресметливоста јасно произлегува дека делата на непресметливо лице се третираат како казнено дело. Овој исклучок не значи дека поимот казнено дело на непресметливо лице е определен во чисто објективна смисла. Не е казнено дело на непресметливото лице секое негово дејствие со кое се предизвикува казнено-правна релевантна последица: потребно е уште еден потребен, субјективен елемент: преземеното дејствие да е еманација, симптом на неговата патолошка состојба.

Структурата на поимот на казненото дело, определено во објективно-субјективна смисла, ја сочинуваат следните елементи: дејствие, предвиденост во законот, противправност, вина и казнивост.

Казненото дело е дејствие, односно поведение на човекот, кое е материјален, реален елемент во поимот на казненото дело и основа врз која се надградуваат другите негови елементи. Казниениот закон како казнено дело може да се пропишува, забранувајќи или наредувајќи само определено поведение, за што во спротивно, кога би го казнувал човекот затоа што е таков каков што е, или за неговите мисли или определби што не се манифестирани низ неговото поведение, би бил закон за истребување на луѓе, а не казнен закон.

Казнено дело може да претставува само дејствие што е изречно предвидено во законот како казнено дело (типицитет, законосообразност). Смислата на начелото на законитост како темелно начело на современото казнено право се состои токму во барањето законот прецизно да ја постави границата помеѓу казнивите и неказнивите поведенија, гарантирајќи ја слободата на поединецот, од една страна, и подведувајќи ги од друга страна под ударот на казната поведенијата што претставуваат повреда на важни индивидуални општествени добра. Предвиденоста во законот е формален, законски елемент во поимот на казненото дело, со кој се фиксира типичниот, општиот облик на делото и се определуваат неговите законски елементи (законскиот состав, законското битие на делот). Кон утврдување на другите елементи на казненото дело може да се пристапи откако ќе се утврди дека човековото поведение одговара на законската слика на определено дело, на неговиот типичен облик, односно ги содржи формалните обележја на законското битие на делото.

Казнено дело е само она поведение на човекот што претставува противправно остварување на законското битие на делото, односно на сликата на тоа дело предвидено во законот. Противправноста е однос помеѓу конкретното дејствие и апстрактниот законски тип на казненото дело, врз кои се заснова оцената дека во конкретниот случај тоа дејствие претставува повреда на казнено-правната норма. Материјална димензија на противправноста како елемент на општиот поим на казненото дело е повредата на правното добро.

Следниот елемент е вината, субјективната одговорност на сторителот. Казнено дело е само предвиденото во законот и противправно дејствие, извршено од виновен сторител. Вината е прекор што му се упатува на сторителот поради тоа што во своето поведение ги прекршил казнено-правните забрани, предизвикувајќи повреда или

загрозување на правните добра во чијашто заштита тие се поставени. Во однос на делото на сторител што не е способен за вина – непресметливо лице, елементот на вина е заменет со поимот опасна состојба на непресметливото лице, што ја заснова оцената дека за спречување на идни дела се нужни мерки на безбедност.

Последниот елемент е казнивоста на делото. Казнено дело е поведение за кое е пропишана казна, што му се изрекува на виновниот сторител. Казнивоста значи закана со казна, предвиденост на казната за поведението со кое се повредуваат казнено-правните норми, заслуженост на казна на противправното и виновно дејствие. Нема казнено дело ако како негова правна последица не е пропишана казна (nullum crimen sine poena). Пропишаната казна е најсигурниот критериум според кој казненото дело се разликува од другите противправни однесувања (граѓански деликти итн.). Заслуженоста на казната не значи дека за секое сторено дело мора да се изрече казна. Во современото казнено право е прифатен плуралистички систем на санкции: покрај казната се пропишани и други санкции (мерки на безбедност, алтернативни мерки), што се изрекуваат кога за тоа се исполнети условите определени со општите одредби. Исто така, казненото дело постои и во исклучителните случаи на ослободување од казна или неказнување на виновниот сторител кога заслуженоста на казната паѓа под минимумот што налага на примена на ефективна казна.

Со овие елементи се определени општите правни претпоставки за постоење на казнено дело. Тие треба да се стекнат кај секое конкретно казнено дело, независно дали се работи за убиство, кражба, шпионажа итн. Во законските битија на конкретните дела општите елементи натаму се развиени на пониско рамниште, со определување на низа различни модалитети на објективната и субјективната страна на делото: со поблизок опис на начинот, времето, местото на дејствието, видот на последицата, додатните елементи на вината како што се мотивот, намерата итн. Сите општи елементи се заемно поврзани во единствениот поим на казнено дело, така што секој нареден елемент го претпоставува претходниот: негова основа е дејствието, повисокото рамниште ја содржи предвидеността во законот, потоа противправноста и, конечно, вината и казнивоста.[119]

[119] Камбовски В. (2016). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Второ издание. Скопје: Матица, стр. 98-101.

1.2. Објект на казнено дело

Во системот на елементите на казненото дело, правното добро ја има позицијата исто така на базична претпоставка: секое казнено дело е насочено против определена вредност или интерес што со предвиденоста на делото во законот стекнува статус на правно добро. За означување на правното добро како објект на казнено-правна заштита, односно на казненото дело се употребуваат различни изрази: основни правни вредности, интереси признати од општеството, социјални состојби што треба да се заштитат со правото итн. Правното добро претставува „ratio legis", материјална основа на законската забрана. Законодавецот може да инкриминира само поведенија што значат повреда или загрозување на правното добро. Секое казнено дело има свој објект на заштита (заштитено добро), така што е незамисливо да постои дело без објект на заштита. Објектот на заштитата е апстрактен, генерички поим, кој ја содржи идејата на правното добро, вредноста или интересот што се заштитува со конкретната инкриминација. Така, на пример, објект на заштита кај делото *Убиство* е животот на човекот како негова највисока вредност, кај *Кражбата* – правото на сопственост како темелно имотно право итн. Објектот на заштита не може да се идентификува со последицата на делото, кое секогаш се изразува како последица во надворешниот свет. Оттука и разликувањето помеѓу објектот на заштитата и објектот на дејствието на делото.

Објектот на заштита како апстрактен правен поим е неуништлив. Тој постои додека со измени на законот не биде исфрлен од вредносниот систем на казненото право. Тоа што е насилно згаснат животот на еден човек не значи дека престанало да постои правото на живот на сите останати, тоа што е украден еден предмет не значи дека правото на сопственост е избришано од кругот на правните добра итн. Казненото дело може да има повеќе сродни објекти на заштита. Така, на пример, разбојништвото како сложено дело составено од присилба и кражба, за свои објекти на заштита ги има слободата на личноста и правото на сопственост. Постоењето на повеќе објекти може да влијае врз формалната структура на казненото дело, која нужно останува сложена за да ја изрази заштитата на секое од нив. Но, често пати како објект на едно казнено дело се појавува правно добро што во себе консумира и други правни добра. Така, на пример, кај силувањето, половата слобода како објект на заштита ги консумира честа и угледот и, во определена мера (во однос на обичната телесна повреда), телесниот интегритет на жртвата. Исто така, повеќе

казнени дела можат да имаат еден ист објект на заштита, како, на пример, различните облици на убиство, на телесни повреди, делата против честа и угледот итн. Се работи, притоа, за инкриминирање на различни степени, пониски или повисоки, на напад врз објектот на заштита (така кај заштитата на животот и телото: обична телесна повреда, тешка телесна повреда, убиство), или за различни начини и правци на напад (така кај заштитата на честа и угледот: клевета, навреда итн.).

За разлика од објектот на заштита, објектот на дејствието е нешто опипливо, материјално, дел од надворешниот свет чијашто повреда или загрозување се појавува како последица на казненото дело. Така, на пример, објект на дејствието кај убиството е телото на жртвата, кај кражбата – подвижниот предмет што се одзема итн. Објектот на дејствието е материјализиран облик на апстрактното правно добро што се појавува како објект на заштита на конкретното дело. Правото на сопственост, што е објект на заштита кај кражбата, како апстрактен поим го покрива сопственичкиот однос како и правото на владение врз кој било подвижен предмет што може да се појави како објект на дејствието на кражбата (во еден случај тоа ќе биде туѓиот паричник, во друг автомобилот итн.). Секое казнено дело има објект на заштита, но не секое дело има и објект на дејствието. Таков е случајот со т.н. „формални" дела, чиешто неправо се исцрпува во преземањето во определено дејствие, без нивното законско битие да опфаќа и настапување и на некоја последица, како на пример непријавувањето на казнено дело или сторител.[120]

Важноста на објектот на заштита, како и интензитетот на нападот и тежината на последицата што е објект на дејствието ја определува строгоста на пропишаните казни: за нападот врз помалку важни добра или за полесни последици се пропишани полесни казни во споредба со поважните добра и потешките последици на делата. Без разлика колкава е важноста на објектот на заштита, секогаш оштетениот односно жртвата на која е повредено некое право има право на надомест на штета.

1.3. Субјекти на казненото дело

Како субјекти на казненото дело во нашето право се разликуваат два вида на субјекти, и тоа: активен субјект и пасивен субјект.

[120] Камбовски В. (2016). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Второ издание. Скопје: Матица, стр. 101 -103.

Активен субјект е сторителот на казненото дело. Сторител на казненото дело е секогаш физичко лице, а под определени услови и правно лице.

Поимот на сторителот, како што ќе видиме, го опфаќа како непосредниот извршител на делото, така и други лица коишто учествуваат во неговото извршување. Законот го определува кај секое дело извршителот на делото, додека општите одредби за учеството на повеќе лица во казненото дело го прошируваат кругот на сторители вклучувајќи и други учесници во делото, што значи дека како извршител може да се појави кое и да е лице. Тоа е случајот со т.н. општи казнени дела. Во законските описи на некои дела поблиску е специфицирано својството на извршителот: службено лице, мајка, адвокат итн. Тоа се т.н. специјални казнени дела кај кои како извршител може да се појави само лице што го има својството определено во законот, додека како учесник во делото може да се појави и лице што нема такво својство.[121]

Активен субјект на казненото дело може да биде кое било физичко лице способно да преземе определено дејствие, без оглед на полот или на возраста. Во казненото право сторителот влегува со наполнети 14 години. Спрема малолетник кој во време на извршувањето на казненото дело не наполнил 14 години (дете) не може да се применат казнено-правни санкции. Тоа не значи дека и малоленик под таа возраст не може да стори некое казнено дело (убиство, кражба итн.). Иако неговото дело го третира како казнено дело, а не предвидува за сторителот никакви казнено-правни санкции, сепак неговото дело може да повлече друга казнено-правна последица во вид на конфискување на имотната корист стекната со стореното дело или одземањето на предметите што настанале со неговото извршување.

Покрај поделбата заснована врз возраста на сторителот, посебно казнено-правно значење има разликувањето на пресметливи или непресметливи сторители. Тоа е особено потенцирано во законодавствата во кои непресметливоста го исклучува постоењето на казненото дело. Според образецот прифатен во повеќето законодавства, КЗ ги третира непресметливите лица како сторители на казнени дела.

Казнената одговорност на правното лице во македонското казнено право е статуирана со новелата на КЗ од 2004 година. Казнената одговорност на правното лице не ја исклучува одговорноста на сторителот на казненото дело (систем на паралелна

[121] Камбовски В. (2004). Казнено право општ дел. Скопје: Култура, стр. 356.

одговорност). За делата определни со закон одговорни се сите правни лица, со исклучок на државата; странски правни лица ако делото го сториле на територијата на РМ, без оглед дали имаат свое претставништво или подружница која врши дејност на нејзина територија. Со новелата на КЗМ е воспоставен и посебен систем на казни и други правни последици на казнените дела на правните лица. Исто така, во посебниот дел е предвидено казнување на правното лице кај повеќе казнени дела (повреда на рамноправноста на граѓаните, осигурителна измама, лажен стечај, перење пари, даночно затајување, давање поткуп итн.). Со новелата на КЗ од 2009 година развиени се законските услови за казнена одговорност, [122] одредбите за границите на одговорност [123] и казнувањето на правно лице.[124]

Без разлика на која од погоре споменатите поделби спаѓа сторителот на казненото дело, дали тоа е физичко или правно лице, доколку со неговите дејствија е причинета штета на друго лице, тој сторител директно или индиректно е должен да ја надомести причинетата штета со дејствието од казненото дело.

Пасивен субјект на казненото дело е жртвата на казненото дело.

Под жртва на казненото дело се подразбира лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено казнено дело. [125] Од овој потесен поим на жртва, треба да се разликува поимот оштетен со казненото дело. Покрај лицето што го погодува последицата на делот, поимот оштетен го опфаќа и лицето што претрпува други штетни последици кои не се елемент на законското битие на делото, но се во непосредна врска со последицата на делото.

Жртвата е пасивен субјект на казненото дело, а нејзиниот казнено-правен третман е изразен низ неколку посебни решенија. Најпрвин, казненото право ја уважува инволвираноста на жртвата во казненото дело при дефинирањето на некои општи институти (нужна одбрана, согласност на оштетениот, компензација на штетата итн.). Казнено-правна е релевантна и согласноста на оштетениот да биде повредено или оштетено некое негово добро што не ја исклучува противправноста кај сите дела, туку

[122] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 28-а.
[123] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 28-б.
[124] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 96-а и чл. 96-л.
[125] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 122 ст. 22.

само кај полесните, за кои важи правилото: Volenti non fit iniuria. Или, самоповредувањето и самооштетувањето, како и самоубиството не се казниви, што е една од консеквенциите на либералната правна држава. Поединецот не може слободно да диспонира со сопствениот живот, во таа смисла што би можел од друг да посегне по него. Согласноста или барањето на жртвата кај таквите дела може да влијае, евентуално, делото да добие привилегиран вид, како убиството од благородни побуди, што може да биде извршено по барање на самата жртва.[126] За разлика од тоа, поединецот може слободно да располага со својот имот, така што може да го уништи или да побара од друг да го уништи. Во тој случај не постои дело на оштетување туѓи предмети.[127]

Надвор од законски предвидените случаи, активниот придонес на жртвата во казненото дело начелно се разгледува во светлината на ставот дека таа, независно од нејзиниот придонес, не може да има својство на учесник во делото. Со тоа не е, сепак, до крај расчистена ситуацијата на постоење на „вина на жртвата" или „поделена вина", како околност што може да влијае врз положбата на сторителот (како основа за исклучување на неговата вина, олеснувачка околност итн.). Под „вина на жртвата" притоа се подразбира скриен придонес на жртвата во сторувањето на делото: така, на пример, во сообраќаен деликт е повреден невнимателен пешак, при телесна повреда повредениот невнимателно се однесувал кон повредата и предизвикал тешка телесна повреда итн. Казненото право, за разлика од граѓанското, не го познава институтот вина на жртвата. Тоа не е пречка нашата судска практика на мала врата да го внесе поимот поделена вина – кај сообраќајните деликти во судските пресуди често е дури и изречно повикување на „поделена вина" како олеснувачка околност за сторителот. Тоа ја ублажува ригидноста на казнено-правното начело на регрес на забрана: никој не може, за да се екскулпира себеси, да се повикува на вината на друг – секој одговара во границите на својата вина. Сторителот не може според тоа да се повика на вината на самата жртва.

Жртвата стекнува својство на активен субјект, сторител, кога учествува во казнено дело со кое се предизвикува опасност или повреда на правни добра на трето лице. Во тој случај постои „сторител-жртва", а факт е дека и самата жртва претрпела определени последици од преземеното дејствие на влијание врз нејзината квалификација како

[126] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 124.
[127] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 243.

сторител (примерот на атентатор – самоубиец). Инкриминации кај кои жртвата се појавува во двојна улога се, на пример, делата учество во тепачката во која некој е лишен од живот или на друг му е нанесена телесна повреда, што не исклучува за самото учество да одговара и оној самиот којшто е повреден, ако притоа и на друг му е нанесена тешка телесна повреда. Слична е позицијата на учесник во толпа што ќе изврши казнено дело – не е исклучено казнувањето и на оној којшто е самиот повреден или претрпел имотна штета, ако со дејствувањето на толпата е предизвикано какво било насилство спрема други или е оштетен или уништен туѓ имот од поголема вредност.

Активното учество и придонесот на жртвата се уважува како посебна привилегирана основа за сторителот на делата на провокација од страна на жртвата. Такви се убиството и тешката телесна повреда на миг,[128] каде делата добиваат привилегиран вид ако се извршени во состојба на силна раздразнетост (афект), во која сторителот е доведен без своја вина со напад или тешки навреди од страна на жртвата.

Законските описи на одделни инкриминации вклучуваат активност на самата жртва, со која се финализира дејствието на сторителот. Така, кај делото наведување и помагање во самоубиство[129] самата жртва е таа што треба да го изведе последниот чин, односно да изврши барем обид за самоубиство, или кај делата измама,[130] изнуда[131] и уцена[132] штетното располагање со сопствениот или туѓиот имот го врши измамениот, односно присилениот.

1.4. Дејствие на казненото дело

Човековото дејствие (поведение) е основниот онтолошки (материјален) елемент во поимот на казненото дело. Казненото дело може да претставува само определено дејствие на човекот. Ова барање останува и во однос на казнената одговорност на правните лица, што исто така се заснова врз определено дејствие на едно или повеќе физички лица.

Поимот на дејствието не е само теоретски, туку и законски поим. Така, во КЗ на повеќе места во општиот дел се употребува изразот "сторување" или "извршување", но и

[128] За повеќе види: Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 125 и чл. 131.
[129] За повеќе види: Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 128.
[130] За повеќе види: Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 247.
[131] За повеќе види: Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 258.
[132] За повеќе види: Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 259.

изразот "дејствие". Во општата одредба за начинот на извршување на казненото дело[133] е изречно определено дека казненото дело може да се изврши со сторување и со несторување. Тоа ја налага потребата од утврдување на неговата содржина, заради повлекување на првиот круг на поведенијата што влегуваат во казнената сфера, со исклучување од овој поим на човековите постапки кои не претставуваат дејствие во казнено-правна смисла. Така, делимитирачката функција на поимот на дејствието е изразена низ максимата „Cogitations poenam nemo patitur", што значи дека никој не може да биде казнет за самите мисли или идеи. Личните определби, ставови и идеи на човекот се неприкосновани и претставуваат негова слобода. Слободата на мислите и определувањето вклучуваат и слобода на нивно приопштување, што исто така останува надвор од дофатот на казненото право, освен кога со самото приопштување се загрозува определено правно добро, така, на пример, некој може да кове планови за убиство на некое лице, но во моментот кога ќе ги соопшти зачекорува во сферата на забраната за загрозување на сигурноста на друг.[134] Начелно човекот може да биде казнет и да сноси одговорност само за надворешно поведение насочено во објективна смисла кон повреда на правни добра заштитени со казненото право.

2. Правата на оштетениот во кривичната постапка

Во кривичната постапка оштетениот ги има следниве права: 1) да биде запознаен со своите права; 2) да го употребува својот јазик и писмо и право на помош од преведувач, односно толкувач доколку не го разбира јазикот на кој се води постапката; 3) да стави предлог за остварување на имотно-правното барање; 4) да има полномошник; 5) да укажува на факти и да предлага докази; 6) да присуствува на доказното рочиште; 7) да присуствува на главната расправа и да учествува во доказната постапка, како и да се произнесе по имотно-правното побарување и по кривично-правниот настан; 8) по завршување на истражната постапка да ги разгледа списите и предметите што служат како доказ; 9) да поднесе жалба под условите предвидени во ЗКП; 10) да поднесе предлог за гонење и приватна тужба согласно со одредбите на Кривичниот законик; 11) да биде известен за непреземање или за секое откажување од кривично гонење од страна на јавниот обвинител; 12) да изјави жалба до повисокиот јавен обвинител против одлуката на

[133] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 29 ст. 1.
[134] Кривичен законик од 1996 година, пречистен текст, чл. 144.

јавниот обвинител со која тој се откажува од кривично гонење, под условите предвидени со овој закон; 13) да побара враќање во поранешна состојба; 14) да му се почитува правото на приватност; и 15) да учествува во постапката за медијација на начин и под услови определени со овој закон.[135]

Оштетениот не е носител на ниту една од основните функции во кривичната постапка, тој не е процесна странка и има својство на споредeн процесен субјект. Сепак, тој има повеќе права во текот на постапувањето, кои се наведени во погоре цитираниот член, а кои се разработени во одделни членови од ЗКП во зависност од стадиумот на постапувањето, обликот на постапката, одлуката на јавниот обвинител за кривично гонење и сл.[136]

Интерес за темата на овој труд е точката 3 од цитираниот член 57 од ЗКП, односно правото на оштетениот да стави предлог за остварување на имотно-правното барање. Ова право на оштетениот е основен начин за остварување на своите права и заштита на своите интереси во текот на кривичната постапка.

2.1. Остварување на имотно-правното барање на оштетениот во кривичната постапка

Имотно-правно барање во кривична постапка се поднесува до органот до кој се поднесува кривичната пријава или до судот пред кој се води постапката. Барањето може да се поднесе најдоцна до завршувањето на главната расправа пред првостепениот суд. Овластеното лице е должно да го наведе своето барање според видот и висината и да поднесе докази. Ако овластеното лице не поднесе имотно-правно барање во кривичната постапка до поднесување на обвинението, ќе се извести дека може тој предлог да го поднесе до завршувањето на главната расправа.[137]

Одредбата од ставот 1 на членот 112 од ЗКП упатува на тоа дека предлогот за остварување на имотно-правно барање може да се поднесе во која било фаза на кривичната постапка. Тоа произлегува од можноста ваквиот предлог да се поднесе како до органот до кој се поднесува кривичната пријава (јавниот обвинител и полицијата), така и

[135] Закон за кривичната постапка од 2010 година, пречистен текст, чл. 57.
[136] Тромбева Т., Витларов П., Јанкуловска Д. и др. (2018). Коментар на Законот за кривична постапка. Скопје: Полиестердеј, стр. 169.
[137] Закон за кривичната постапка од 2010 година, пречистен текст, чл. 112.

до судот пред кој се води кривичната постапка. Со законот е определено дека оштетениот или неговиот полномошник на главната расправа го предјавуваат имотно-правното барање во текот на воведниот говор.[138] Меѓутоа, тоа не значи дека тоа е последниот процесен момент кога може да се поднесе имотно-правно барање. Имотно-правно барање може да се поднесе најдоцна до завршувањето на главната расправа. Од друга страна, правото за поднесување предлог за имотно-правно барање е оставено на диспозиција на оштетениот-жртвата. Тие во секој момент може да се откажат од тоа право или воопшто да не истакнат такво барање.[139] Имотно-правното барање не мора да биде насочено спрема конкретно определено лице, напротив тоа може да се истакне уште при поднесување на кривичната пријава пред органот каде што се поднесува пријавата, кога сторителот сè уште не е познат. Имотно-правно барање може да се поднесе најдоцна до завршувањето на главната расправа пред првостепениот суд, што значи дека и во текот на својот завршен збор оштетениот може да го поднесе предлогот за остварување на имотно-правно барање. Треба да се напомене дека без оглед на тоа што имотно-правното барање може да се поднесе до завршувањето на главната расправа, што значи и во текот на завршните зборови, ваквата можност не дозволува ретроактивно изведување на докази во врска со имотно-правното барање, како и за останатите докази кои се изведуваат во текот на главната расправа, така и по однос на доказите кои се изведуваат во врска со истакнатото имотно-правно барање се применува одредбата од чл. 394 ст. 1 од ЗКП. Во таков случај, по поднесеното имотно-правно барање судот ќе одлучи врз основа на изведените докази, а доколку тие не се доволни за одлучување, ќе го упати овластеното лице своето имотно-правно барање да го оствари во спор.[140] Во секој случај, доколку оштетениот не истакне имотно-правно барање во текот на кривичната постапка или судот пропуштил да го упати на остварување во парнична постапка, тоа во никој случај не значи дека оштетениот го загубил правото да бара надомест на штета во граѓанска постапка со тужба. Лицето кое е овластено за поднесување имотно-правно барање законот го обврзува при поднесувањето на барањето истото да го наведе како според видот, така и по однос на висината. Исто така, овластеното лице е должно заедно со барањето да поднесе и докази со кои располага, а кои се потребни за одлучување по барањето. Меѓутоа, ако се има предвид дека, од друга

[138] Закон за кривичната постапка од 2010 година, пречистен текст, чл. 379 ст. 5.
[139] За повеќе види: Закон за кривичната постапка од 2010 година, пречистен текст, чл. 113.
[140] Шкулиќ М. (2007). Коментар на Законот за кривична постапка. Службен весник 2007, стр. 729.

страна, имотно-правното барање може да се поднесе и во најраниот стадиум на кривичната постапка, со самото поднесување на кривичната пријава, во практиката може да се јават ситуации кога поднесеното имотно-правно барање нема да биде децидно определено по висина, или нема да бидат поднесени сите потребни докази за донесување на одлука по истото. Затоа треба да се прифати дека во такви ситуации подносителот на имотно-правното барање има можност истото да го определи по висина и дополнително да достави докази во текот на претходната постапка, а на главна расправа само во согласност со чл. 394 ст. 1 од ЗКП.[141] Доколку овластеното лице не поднело имотно-правно барање до поднесување на обвинението, треба да биде известено дека може да поднесе предлог за имотно-правно барање до завршувањето на главната расправа. Во законот не е децидно наведено кој е органот кој ја има ваквата обврска. Меѓутоа, со оглед на тоа што до поднесување на обвинението јавниот обвинител е тој којшто ја води кривичната постапка, од ваквата негова поставеност произлегува и обврската на јавниот обвинител да го извести овластеното лице за поднесување имотно-правно барање.

Судот е единствен орган кој одлучува за имотно-правното барање. При донесувањето на својата одлука судот е лимитиран со поднесеното имотно-правно барање, односно својата одлука може да ја донесе само во рамките на поднесеното имотно-правно барање. Судот не може да донесе одлука со која го одбива имотно-правното барање. Доколку судот донел пресуда со која обвинетиот го огласува за виновен, во тој случај судот може за поднесеното имотно-правно барање да одлучи целосно или делумно. При делумно одлучување, судот, за преостанатиот износ на имотно-правното барање ќе го упати оштетениот да го остварува во спор. Донесувањето на делумна одлука за имотно-правното барање не смее да се разбере во смисла дека судот може да одлучи само за основаноста на имотно-правното барање, а по однос на неговата висина да го упати овластеното лице на спор. Досудениот износ на име имотно-правно барање мора да биде точно определен по висина во фактичкиот опис на изреката на пресудата. Во спротивно, пресудата ќе биде нејасна и тоа ќе биде основа за поведување жалбена постапка. Само под определени услови, при донесување пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен, судот може да донесе одлука со која ќе го упати оштетениот своето имотно-правно барање целосно да го остварува во спор. Првиот услов е доказите во кривичната постапка да не

[141] Павишиќ В. (2013). Коментар на Законот за кривична постапка. Ријека, стр. 343

даваат основа за целосно или делумно одлучување по имотно-правното барање, а другиот услов е дополнителното обезбедување на потребните докази да доведуваат до постоење опасност од неоправдано одолжување на кривичната постапка. Со оглед на тоа што новиот концепт на кривичната постапка предвидува во текот на главната расправа да се изведуваат само докази кои се предложени од страна на странките, а предлози за дополнение на доказната постапка можат да се стават само за нови околности што се јавиле во текот на главната расправа[142] и во делот на доказите кои се однесуваат на имотно-правното барање, дополнителни докази можат да се предлагаат само доколку во текот на главната расправа се јават нови околности кои на странките претходно не им биле познати.

2.1.1. Привремени мерки за обезбедување на имотно-правно барање

Досудувањето на имотно-правното барање во голем број случаи не би било од корист за оштетениот, доколку тој не може да го намири своето имотно-правно барање поради тоа што обвинетиот нема никаков имот на негово име. Затоа, ЗКП дава можност за определување привремени мерки за обезбедување на имотно-правното барање[143] според одредбите со кои се регулира извршувањето.[144] Секако дека најчесто тоа ќе бидат мерки со кои ќе се обезбеди чување на предметите кои се најдени кај обвинетиот, забрана за располагање, за оптоварување или за отуѓување на недвижности и слично. Во некои случаи судот ќе определи повеќе мерки за обезбедување, но секогаш треба да води сметка со определување на мерката да не се нанесе некаква штета на обвинетиот. Решение за определување привремени мерки за обезбедување на имотно-правното барање донесува судот, но не по службена должност, туку само по предлог на јавниот обвинител и на овластените лица. Со оглед на тоа што во законот не е даден лимит за тоа кога може да се стави предлог за определување привремени мерки за обезбедување на имотно-правното

[142] Закон за кривичната постапка од 2010 година, пречистен текст, чл. 382 и чл. 394 ст. 1.
[143] Закон за кривичната постапка од 2010 година, пречистен текст, чл. 118.
[144] За повеќе види: Закон за обезбедување на побарувања од 2007 година.

барање, произлегува дека јавниот обвинител и овластените лица можат да стават ваков предлог во текот на целата кривична постапка. Надлежен орган за донесување решение за определување привремени мерки за обезбедување на имотно-правното барање е судот. Во текот на претходната постапка ова решение го донесува судијата на претходна постапка. По поднесување на обвинение, во текот на главната расправа, решение за привремени мерки за обезбедување на имотно-правното барање донесува судечкиот совет, а, пак, надвор од главната расправа ова решение го донесува претседателот на советот. На вака донесеното решение е дозволена жалба, но таа нема суспензивно дејство, што е сосем логично кога се има предвид целта на овие мерки.[145]

2.1.1.1. Привремено обезбедување спрема трето лице

Ако оштетениот има барање спрема трето лице затоа што кај него се наоѓаат предметите прибавени со кривичното дело, или затоа што поради кривичното дело тоа дошло до имотна корист, судот во кривичната постапка, по предлог од овластените лица, може според одредбите што важат за извршувањето да определи привремени мерки за обезбедување и спрема тоа трето лице.[146]

Како трето лице може да се јави кое било лице кое го нема својството на обвинет во кривичната постапка. Со оглед на тоа што третото лице не е странка во кривичната постапка, имотно-правното барање во однос на третото лице не може да се одлучува во оваа постапка, па затоа подносителот на имотно-правното барање може само да биде упатен своите права да ги остварува во спор. Меѓутоа, на предлог на овластените лица, судот може да определи привремени мерки за обезбедување и спрема третото лице. Ваквите мерки се определуваат според одредбите и правилата кои важат исто како и за обезбедување на побарувањата спрема обвинетиот.

3. Постапка за надомест на штета причинета од кривично дело во граѓански спор

[145] Тромбева Т., Витларов П., Јанкуловска Д. и др. (2018). Коментар на Законот за кривична постапка. Скопје: Полиестердеј, стр. 289

[146] Закон за кривичната постапка од 2010 година, пречистен текст, чл. 120.

Како што претходно во трудот кажавме, доколку судот донел пресуда со која обвинетиот го огласува за виновен, а не одлучил за имтно-правното барање на оштетениот, судот може да донесе одлука со која ќе го упати оштетениот своето имотно-правно барање да го остварува во спор.

Имено, спорот во кој оштетениот бара надомест на штета која е резултат од дејствието на обвинетиот претставува граѓански спор и истиот се води пред граѓански суд, за разлика од тоа што вината на обвинетиот се утврдува во кривична постапка пред кривичен суд.

Граѓанскиот спор за надомест на штета, без разлика дали штетата е причинета со кривично дело или друг вид на штетно дејствие, е регулиран во Законот за парнична постапка.

Граѓанскиот спор за надомест на штета се иницира односно започнува со поднесување тужба до надлежен суд.

3.1. Надлежност во спорови за надоместок на штета

За судење во спорови за вондоговорна одговорност за штета, покрај судот од општа месна надлежност,[147] надлежен е и судот на чие подрачје е извршено штетното дејствие или судот на чиешто подрачје настанала штетната последица.[148] Доделувањето на надлежност на судот според местото на штетата (forum delicti comissi) е од причини бидејќи се претпоставува дека така полесно ќе се утврди фактичката состојба во врска со штетното дејствие.

Ако штетата настапила поради смрт или тешки телесни повреди, покрај погоре споменатиот суд, надлежен е и судот на чие подрачје тужителот има живеалиште, односно престојувалиште.[149] Вака пропишаната надлежност има за цел заштита на тужителот. Како тужители овде можат да настапат: самиот оштетен, ако претрпел тешка телесна повреда, но и неговите родители, деца и брачен другар, во случај на особено тежок инвалидитет.[150] За случај на смрт на едно лице како тужители можат да се јават лицата од чл. 190 од ЗОО, со барање на справедлив надомест за нивните душевни болки, но и други лица заради

[147] Повеќе за општа месна надлежност види: Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 39-41.
[148] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 44 ст. 1.
[149] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 44 ст. 2.
[150] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 190 ст. 3.

надомест на загубената заработка и трошоците за лекување и погреб на загинатиот,[151] заради надомест на изгубената издршка[152] итн. За постоење на оваа месна надлежност, тужениот односно одговорното лице не мора да се и кривично осудени.[153]

Погоре наведените правила за надлежноста на споровите за надоместок на штета ќе се применуваат и во спорови против друштвото за осигурување заради надоместок на штета на трети лица врз основа на прописите за непосредната одговорност на друштвото за осигурување, а одредбите од чл. 44 ст. 1 од ЗПП и во споровите за регресни барања по основа на надоместок на штета против регресни должници.[154] Надлежноста од ст. 1 од чл. 44 од ЗПП се однесува и на регресни барања по основа надомест на штета против регресни должници. Тоа се случаите не само кај осигурувањето од одговорност за штета нанесена од трети лица, кога друштвото за осигурување бара регрес од штетникот за надоместок на штетата што ја исплатило на оштетениот, туку и кога некој солидарен должник бара регрес од останатите солидарни должници кога тој го исплатил целиот надоместок.[155]

3.2. Тужба за надомест на штета

Парничната постпка се поведува со тужба за надомест на штета.[156]

Тужбата претставува парнично дејствие, чија форма и содржина е определена со Закнот за парнична постапка.[157] Со неа едно барање се остварува по судски пат. Со тоа што тужбата е поднесена во судот се отвора една постапка, процес, парница, а со тоа, за судот, како државен орган, се создава должност, според пропишаниот законски ред на постапување,[158] да ја испита основаноста на барањето содржано во тужбата, и да донесе пресуда со која ќе го усвои или одбие тоа барање.

Тужбата ја поднесува тужителот, или во конкретниот случај кај тужбите за надомест на штета тоа е оштетениот. Со тужбата тужителот-оштетениот се обраќа до

[151] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 182.
[152] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 183.
[153] Чавдар К., Чавдар К. (2011). Коментар на Законот за парничната постапка, Второ издание. Скопје: Академик, стр. 104
[154] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 44 ст. 3.
[155] Закон за облигационите односи од 2001 година, пречистен текст, чл. 412.
[156] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 175.
[157] За повеќе види: Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 176.
[158] За повеќе види: Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 262-306.

судската власт, со барање, врз основа на околностите што ги изнесува и во чија вистинитост настојува да го убеди судот со соодветни докази, да му даде заштита, со тоа што ќе утврди дека неговото право постои, или да се задолжи спротивната страна, тужениот – штетникот, да ја исполни својата обврска или да се изврши преобразување на некој правен однос.

Во теоријата на процесното право се разликуваат три вида на тужби, според својот материјално-правен учинок/ефект, и тоа: кондематорна тужба односно тужба за осуда, деклараторна тужба односно тужба за утврдување и конститутивна тужба односно правно-преобразувачка тужба.[159] Тужбата за надомест на штета претставува кондематорна тужба, со која оштетениот бара судот со пресуда да му наложи, да го обврзе штетникот врз основа на определен пропис содржан во материјалното право (најчесто прописите од ЗОО) нешто да стори односно да му ја надомести причинетата штета.

Согласно со чл. 176 ст. 1 од ЗПП, тужбата треба да содржи определено барање во поглед на главната работа и на споредните барања, фактите врз кои тужителот го заснова барањето, доказите со кои се утврдуваат фактите, како и други податоци што мора да ги има секој поднесок.[160] Па така, кај тужбата за надомест на штета барањето во поглед на главната работа е надоместокот на штетата која ја има претрпено оштетениот, предизвикана од штетните дејствија на штетникот. Факт врз кој тужителот го заснова тужбеното барање во тужбата за надомест на штета е настанувањето на штетата. Како докази со кои се утврдуваат фактите односно дека настанала штета во постапките за надомест на штета најчесто се предлагаат медицинските документи, вешт наод и мислење изготвен од страна на вешто лице, распит на сведоци итн. На пример, доколку се работи за надомест на материјална и нематеријална штета причинета од кривично дело *Телесна повреда*, како доказ за стореното дејствие на штетникот кон оштетениот се приложува правосилна кривична пресуда во која штетникот е огласен за виновен, како доказ за материјалната штета се приложуваат фискални сметки од купените лекови во аптека и уплатите за лекарски прегледи, а како доказ за нематеријалната штета се приложува вешт наод и мислење од вешто лице.

[159] Јаневски А., Зороска Камиловска Т. (2012). Граѓанско процесно право - книга прва, Парнично право, второ изменето и дополнето издание. Скопје.

[160] Повеќе за податоците што мора да ги има секој поднесок види: Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 98.

3.3. Подготовка за главна расправа

Откако судот ќе ја прими тужбата, се врши подготовка за главна расправа. Овие подготовки опфаќаат: 1) претходно испитување на тужбата, 2) доставување на тужбата до тужениот-штетникот на одговор, 3) одржување на подготвително рочиште и 4) закажување на главна расправа. Со подготвувањето на главната расправа раководи претседателот на советот и во текот на подготвувањето на главната расправа странките, во овој случај оштетениот и штетникот, можат да упатуваат поднесоци во кои ќе ги наведат фактите што имаат намера да ги изнесат на главната расправа, како и доказите чие изведување имаат намера да го предложат.[161]

3.3.1. Претходно испитување на тужбата

Во претходното испитување на тужбата, претседателот на советот одлучува и донесува решенија: за стапувањето на претходникот во парницата, за учеството на замешувачот, за обезбедувањето докази, за преиначувањето на тужбата, за трошоците на постапката во случај на повлекување на тужбата, за прекинувањето на постапката, за привремените мерки за обезбедување, за спојувањето на постапки за раздвојувањето на постапката, за определувањето на судските рокови или нивното продолжување, за закажувањето на рочишта или за нивното одлагање, за враќање во поранешна состојба поради пропуштање рок или рочиште за ослободување на странката од плаќање на трошоците на постапката, за обезбедување на парнични трошоци, за полагањето аванс на име трошоци за преземање на одделни дејствија во постапката, за назначувањето на привремен застапник, за доставувањето на судските писмена, за мерките за исправање на поднесоците, за уредноста на полномоштијата, како и за сите прашања што се однесуваат на управувањето со постапката. Против овие одлуки не е дозволена посебна жалба.[162]

3.3.2. Доставување на тужбата до тужениот-штетникот на одговор

По претходното испитување на поднесената тужба, тужбата со прилозите се доставува до тужениот-штетникот на одговор во рок од осум дена од денот на приемот. Со

[161] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 262.
[162] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 263.

поканата со која се доставува тужбата, тужениот-штетникот ќе се предупреди дека е должен да даде писмен одговор на тужбата во рок што ќе го определи судот, кој не може да биде пократок од 15 дена, ниту подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата.[163] Во одговорот на тужбата тужениот-штетникот може да се изјасни за барањата и наводите во тужбата и да предложи докази со кои ги поткрепува тие наводи. Ако тужениот-штетникот го оспорува тужбеното барање, во одговорот на тужбата е должен да ги наведе фактите врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се уредуваат тие факти. Со одговорот на тужбата, тужениот-штетникот е должен да ги приложи и исправите на кои се повикува, ако тоа е можно. По приемот на одговорот на тужбата, ако судот утврди дека меѓу странките не е спорна фактичката состојба и дека не постојат пречки за донесување одлука, судот може да донесе одлука без одржување на рочиште.[164]

3.3.3. Одржување на подготвително рочиште

По приемот на одговорот на тужба или по протекот на рокот за поднесување на одговор на тужба, судот најдоцна во рок од осум дена ќе закаже подготвително рочиште, а истото ќе го одржи најдоцна во рок од 50 дена сметано од денот на закажувањето. Странките се должни најдоцна на подготвителното рочиште да ги изнесат сите факти и докази врз кои ги засноваат своите наводи, како и да ги достават исправите и предметите кои имаат намера да ги употребат како доказ во постапката.[165] На подготвителното рочиште претходно се расправа за прашања што се однесуваат на пречките за натамошниот тек на постапката, било претседателот на советот по испитувањето на тужбата да го одложи решавањето на овие прашања, било тие да се наведени во одговорот на тужбата или на подготвителното рочиште. За овие прашања на подготвителното рочиште можат да се изведуваат докази кога тоа е потребно.[166]

3.3.4. Закажување на главна расправа

[163] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 269.
[164] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 270.
[165] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 271.
[166] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 274 ст. 1.

На подготвителното рочиште судот ќе ги определи денот и часот на одржување на рочиштето за главна расправа во рок кој не може да биде пократок од осум дена, ниту подолг од 60 дена, а во сложените предмети најмногу до 90 дена сметано од денот на одржаното подготвително рочиште, доказите кои ќе се изведуваат, сведоците и вештаците кои ќе бидат поканети на главната расправа.[167] Закажувањето на рочиштето за главна расправа е дејствие на претседателот на советот, со кое се завршуваат фазите на подготовките за главна расправа. Согласно со одредбите од чл. 279 ст. 3 од ЗПП, судот може да одреди главната расправа да се одржи веднаш по подготвителното рочиште, доколку од резултатите на подготвителното рочиште произлегува дека не е потребно на странките да им се остави определен рок за подготвување за главната расправа со оглед на природата на работата и прибавените докази кои треба да се изведат на главната расправа.

3.4. Главна расправа

Главната расправа претставува централна, главна фаза на парничната постапка, бидејќи во неа, врз основа на усно, непосредно и јавно расправање, судот одлучува за тужбеното барање за надоместокот на штета изјавено од оштетниот кон штетникот. При отворање на главната расправа, претседателот на советот ги повикува сите повикани лица да влезат во салата за судење и го објавува предметот за расправање. Потоа на записник се констатира дали дошле сите повикани лица, а за оние што не дошле се забележува дали уредно биле поканети, во согласност со вратените доставници.[168]

Во текот на главната расправа ќе се расправа за предлозите на странките и за фактичките наводи со кои странките ги образложуваат своите предлози, односно ги побиваат предлозите на противникот, како и за доказите понудени од нивна страна, ќе се изведуваат докази и ќе се претресуваат резултатите од нивното изведување. Странките можат да ги изнесуваат и своите правни сфаќања што се однесуваат на предметот на спорот.[169] На крајот од главната расправа, по изведувањето на сите докази, двете странки, почнувајќи од тужителот – оштетениот, имаат право накусо да му се обратат на судот со

[167] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 278 ст. 1.
[168] Чавдар К., Чавдар К. (2011). Коментар на Законот за парничната постапка, Второ издание. Скопје: Академик.
[169] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 283.

завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот.[170] По давањето на завршниот збор на странките, претседателот на советот ќе соопшти дека главната расправа е заклучена, а потоа советот ќе се повлече на советување и гласање заради донесување одлука.

3.5. Пресуда

Со пресуда судот по заклучување на главната расправа одлучува за барањето кое се однесува на главниот предмет. Со пресудата судот ги усвојува или одбива одделните барања истакнати во тужбата, а во постапките за надомест на штета тужбата може да биде и делумно усвоена во поглед на досудениот износ за надоместок на нанесената штета. Па така, на пример, ако оштетениот побарал надомест на штета во висина од 300.000,оо денари, судот може тужбата и тужбеното барање на тужителот-оштетениот делумно да ги усвои и да му досуди помал износ од бараниот со кој смета дека штетата ќе биде надоместена (од бараните 300.000,оо денари ќе досуди 200.000,оо денари).

Со донесување и објавување на пресудата завршува граѓанскиот спор за надомест на штета во прв степен.

Против пресуда донесена во прв степен странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од доставувањето на преписот на пресудата и навремено изјавената жалба спречува пресудата да стане правосилна во делот што се побива со жалбата. Доколу биде изјавена жалба против пресуда на првостепен суд, по жалбата одлучува второстепениот суд – апелација.[171] Второстепениот суд изјавената жалба против пресуда на првостепениот суд може: да ја уважи и првостепената пресуда да ја преиначи; да ја уважи и предметот да го врати на првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување; и да ја одбие како неоснована и да ја потврди првостепената пресуда.


Доколку изјавената жалба од незадоволната страна во спорот во прв степен против провостепената пресуда се одбие и првостепената пресуда се потврди од апелациониот – второстепениот суд, граѓанската постапка за надомест на штета е конечно завршена.

[170] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 289.
[171] Закон за парничната постапка од 2011 година, пречистен текст, чл. 337.

ГЛАВА IV: ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Ова истражување е направено со цел да послужи како практична поткрепа на претходно изнесениот теоретски дел во овој магистерски труд.

Истражувањето е направено во Основен суд Кочани, така што прибавени се податоци од работата на судот во тековната 2019 година, односно од 01.01.2019 година до 01.11.2019 година.



Во периодот од 01.01.2019 година до 01.11.2019 година Основниот суд во Кочани има донесено вкупно 726 пресуди, од кои 55 се пресуди донесени по основа на поднесена тужба за надомест на штета.

Во продолжение е табеларен преглед на прибавените информации во текот на истражувањето, а кои се однесуваат на пресудите по основа на надомест на штета.

Број на пресуда	**Датум на пресуда**	**Основа за надомест на штета**	**Баран надомест**	**Досуден надомест**
МАЛВП-137/2018	10.04.2019	Телесна повреда	140.000,оо	55.000,оо
Малв.П.бр.15/19	23.05.2019	Телесна повреда	200.000,оо	120.000,оо
П-4.бр.22/18	29.01.2019	Сообраќајна незгода	1.400.000.оо	320.000,оо
Малв.П.бр.62/19	23.10.2019	/	64.220,оо	0,оо – тужбата е повлечена
Малв.П.бр.79/18	10.01.2019	Тешка телесна повреда	200.000,оо	100.000,оо
МАЛВП.бр.106	14.01.2019	Сообраќајна незгода	303.590,оо	173.190,оо
Малв.П.бр.139	21.12.2018	Градежни работи	240.500,оо	240.500,оо
П4-6/19	12.06.2019	Тешка телесна повреда	609.776,оо	259.776,оо
МалвП-10/19	30.05.2019	Тешка телесна повреда	101.200,оо	71.200,оо
МАЛВПбр.122/19	25.09.2019	/	39.750,оо	0,оо – тужбата е отфрлена
Малв.П.бр.45/19	10.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	10.815,оо	10.815,оо
МАЛВПбр.138/18	18.03.2019	Предизвикување општа опасност	303.963,оо	213.963
Малв.П.бр.108/18	10.01.2019	Телесна повреда	110.000,оо	55.000,оо
Малв.П.бр.9/19	22.04.2019	Кршење на работниот ред и дисциплина	139.385,оо	139.385,оо
МАЛВПбр.88/18	27.02.2019	Сообраќајна незгода	150.000,оо	110.000,оо
Малв.П.бр.84/18	19.03.2019	Штета од опасен предмет	400.000,оо	0,оо – тужбата е неоснована
Тс.бр.11/18	16.01.2019	Штета поради предвремено раскинување на договор	35.019.560,оо	9.455.010,оо
Малв.П.бр.5/19	15.04.2019	Сообраќајна незгода	185.094,оо	85.094,оо
МАЛВПбр.121/18	24.09.2019	Загрозување на сигурност	65.000,оо	0,оо – тужбата се одбива како

				неоснована
МАЛВПбр.53/19	15.05.2019	Тешка телесна повреда	400.000,оо	400.000,оо
ТСбр.21/18	14.03.2019	Даночно затајување	9.947.630,оо	9.947.630,оо
МАЛВПбр.44/19	15.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	10.815,оо	10.815,оо
Малв.П.бр.126/18	27.09.2019	Оштетување на имот	124.615,оо	124.615,оо
П-4.бр.35/17	15.02.2019	Каснување од куче скитник	753.424,оо	128.424,оо
МАЛВП.бр.40/19	15.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	10.815,оо	10.815,оо
П5бр.1/19	05.07.2019	Навреда и повреда на личните права	40.000,оо	15.000,оо
П4.бр.2/18	28.05.2019	Капитализирана рента поради изгубена заработувачка и трајно намалени и уништени можности за натамошно развивање и унапредување	12.892.630,оо	7.023.769,оо
Малв.П.бр.115/17	19.02.2019	Нестручно извршена работа	84.800,оо	64.500,оо
МАЛАПбр.122/18	11.01.2019	/	40.000,оо	0,оо – тужбата е повлечена
МАЛВП.бр.48/19	15.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	10.815,оо	10.815,оо
Малв.П.бр.87/18	14.03.2019	/	64.020,оо	0,оо – тужбата се смета за повлечена
МАЛВП-55/2018	06.03.2019	Телесна повреда	120.000,оо	45.000,оо
МАЛВП.бр.41/19	15.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	10.815,оо	10.815,оо
МАЛВПбр.89/18	08.01.2019	Сообраќајна незгода	443.415,оо	303.415,оо
П4-3/19	27.05.2019	Сообраќајна незгода	900.000,оо	650.000,оо
Малв.П.бр.38/19	05.06.2019	/	35.741,оо	0,оо – тужбата е повлечена
Малв.П.бр.42/19	10.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	9.913,оо	9.913,оо
Малв.П.бр.19/18	16.04.2019	Сообраќајна незгода	188.547,оо	97.722,оо
МАЛВПбр.107/18	21.02.2019	Штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена	46.705,оо	46.705,оо


		опасност од штета за околината		
П4-2/19	27.05.2019	Сообраќајна незгода	2.145.000,оо	550.000,оо
МАЛВП.бр.11/19	16.09.2019	Телесна повреда на работно место	200.000,оо	0 – тужбата е неоснована
П4.бр.16/18	04.02.2019	Сообраќајна незгода	613.575,оо	613.575,оо
Малв.П.бр.110/18	10.01.2019	Телесна повреда	80.000,оо	40.000,оо
Малав.П.бр.109/18	20.03.2019	Штета причинета врз земјоделско земјиште	89.476,оо	89.476,оо
Малв.П.бр.46/19	10.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	5.771,оо	5.771,оо
Малв.П.бр.58/19	20.10.2019	/	300.000,оо	0 – тужбата е повлечена
Малв.П.бр.4/19	10.05.2019	Сообраќајна незгода	149.187,оо	117.187,оо
МАЛВП-64/2019	12.06.2019	/	24.600,оо	24.600,оо – врз основа на признание
МАЛВПбр.5719	09.05.2019	/	62.085,оо	0 – тужбата е повлечена
МАЛВПбр.64/18	13.03.2019	Сообраќајна незгода	120.000,оо	0 – тужбата се одбива како неоснована
ТС1бр.2/19	08.04.2019	Враќање на стекнато - долг и надомест на штета	770.000,оо	770.000,оо
Малв.П.бр.47/19	04.09.2019	Неовластено користење на електрична енергија	10.815,оо	10.815,оо
Малв.П.бр.43/19	10.05.2019	Неовластено користење на електрична енергија	10.815,оо	10.815,оо
П4.18/2018	18.04.2019	Сообраќајна незгода	797.644,оо	155.288,оо
Малав.П.бр.39/18	08.01.2019	Сообраќајна незгода	120.763,оо	50.763,оо

Највисок побаран износ како надомест на причинета штета има во постапката Тс.бр.11/18. Во оваа постапка баран е износ од 35.019.560,оо денари како надомест на штета поради предвремено раскинување на договор.

Највисок надомест на штета што Основниот суд Кочани го има досудено во периодот од 01.01.2019 до 01.11.2019 година е 9.947.630,оо денари со Пресуда Тс.бр.21/18 од 14.03.2019 година. Во оваа постапка досудениот износ е на име штета од неплатени даночни давачки во вкупен износ од 9.947.630,оо од кои: 1) по основа на неплатен ДДВ

вкупен износ од 314.123,оо денари, 2) по основа на МПИН вкупен износ од 323.337,оо денари и 3) по основа на неплатен данок на добивка вкупен износ од 9.310.170,оо денари.

Како најмал побаран и досуден износ е износот во постапката Малв.П.бр.46/19, каде оштетениот побарал, а Основниот суд му досудил износ од 5.771,оо денари за надомест на штета од неовластено користење на електрична енергија.



Од приложениот графикон се гледа дека најмногу пресуди за надомест на штета како основа го имаат надоместот на штета поради сообраќајна незгода (13 пресуди), потоа на второ место се пресудите за надомест на штета поради неовластено користење на

електрична енергија (9 пресуди) и на трето место се пресудите за надомест на штета поради телесна повреда (6 пресуди).

Од сето погоре наведено, од спроведеното истражување, а потоа и неговата анализа, може да заклучиме дека Основниот суд во Кочани во постапките за надомест на штета досудува износи кои се многу блиски или исти како бараните износи од страна на тужителот односно оштетениот.

Исто така може да заклучиме дека во поголем број од споровите за надомест на штета, штетата е причинета со кривично дело.

ЗАКЛУЧОК

Во овој магистерски труд, најпрвин теоретски е разботен институтот штета, а потоа се наведени и коментирани законските одредби во македонското законодавство со кои се уредува штетата и надоместокот на истата.

Историскиот развој на институтот штета во македонската правна историја може да се подели во четири временски периоди, и тоа: 1) Правото кое се применувало на југословенските простори во 19 и 20 век, 2) Право кое се применувало во периодот од донесување на Законот за неважност на правните прописи донесени пред 6 април 1941 година и за време на непријателската окупација до донесување на Законот за облигациони односи во 1978 година, 3) Право кое се применувало во периодот од донесувањето на Законот за облигациони односи од 1978 година до донесувањето на Законот за облигациони односи од 2001 година и 4) Од донесувањето на Законот за облигационите односи од 2001 година па до денес.

Анализирајќи ја законската регулатива на Република Македонија, од самите почетоци па до денес, можеме да утврдиме дека законските и подзаконските акти своите одредби ги ориентираат кон начелата на правна сигурност, совесност и чесност. Како предмет на обработка не се поставуваат само правни прашања, туку и фактички прашања кои всушност се однесуваат на голем број околности кои придонеле да настане штетната последица.

Во облигационите односи со причинување на штета должникот и доверителот добиваат свои посебни називи и должникот станува штетник, а доверителот станува оштетен. Штетник и оштетен во овие облигациони односи можат да бидат физички и правни лица во согласност со одредбите на ЗОО, па така штетникот во одредбата во чл. 141 од ЗОО е дефиниран како „тој што ќе му причини штета на друг", а за оштетен се смета тој чиј имот е намален (кому му е причинета обична штета), односно кому му е спречено зголемувањето или намалувањето на неговиот имот (испуштена корист), односно кому му се повредени права (нематеријална штета).

Условите кои се потребни за настанување на облигациони односи настанати по повод на причинета штета во правната теорија се делат на општи и посебни услови. Општи услови се штетното дејствие, штетата и причинската врска (каузалитетот). Овие

услови се кумулативни. Со други зборови кажано, потребно е тие да постојат истовремено. Покрај општите услови кои се потребни за полноважност на облигационите односи настанати од причинување на штета, потребно е да постои барем еден од посебните услови. Во редот на тие услови посебно значајни се следниве: вината, ризикот произлезен од опасната ствар односно од вршењето на опасна дејност, повредата на постојана обврска од даден облигационен однос (најчесто договор), деликтната неспособност на штетникот и причинување штета на трето лице од работник или орган на правното лице.

Во правната теорија и во законодавствата, како во нашето, така и во останатите, се прави разлика помеѓу повеќе видови на штета, но се чини дека најзначајно е разликувањето на материјална и нематеријална штета; значајни реперкусии во правните системи имаат и разликувањето на предвидливата од непредвидливата штета, обична штета и испуштена корист, сегашна и идна штета и сл. Без разлика за каков вид на штета станува збор, оштетениот има право да му биде надоместена истата. Надоместувањето на штета претставува отстранување на штетните последици од причинувањето на штета.

Кога станува збор за штета настаната од кривично дело, оштетениот е најчесто жртвата, а штетникот е сторителот на кривичното дело. Покрај жртвата, како оштетени од дејствијата со кои сторил кривично дело сторителот можат да се јават и други лица.

Жртвата односно оштетениот има право да учествува во целиот тек на кривичната постапка која се води против обвинетиот односно сторителот (штетникот) и истиот има свои права кои претставуваат еден вид сигурност за него.

Доколку оштетениот не ги намири своите побарувања за штета во кривичната постапка, истиот може да ги остварува во граѓанска постапка пред граѓански суд, на кое нешто најчесто и се упатува од страна на кривичниот суд.

Оштетениот своите права за надомест на штета причинета од кривично дело ги остварува во граѓански спор кој го иницира со тужба за надомест на штета која тужба се поднесува до надлежен суд во законски определен рок.

Откако судот ќе ја прими тужбата, се врши подготовка за главна расправа. Овие подготовки опфаќаат: 1) претходно испитување на тужбата, 2) доставување на тужбата до туженият-штетникот на одговор, 3) одржување на подготвително рочиште и 4) закажување на главна расправа. Главната расправа претставува централна, главна фаза на

парничната постпка, бидејќи во неа, врз основа на усно, непосредно и јавно расправање, судот одлучува за тужбеното барање за надоместокот на штета изјавено од оштетниот кон штетникот. Со пресуда судот по заклучување на главната расправа одлучува за барањето кое се однесува на главниот предмет. Со пресудата судот ги усвојува или одбива одделните барања истакнати во тужбата, а во постапките за надомест на штета тужбата може да биде и делумно усвоена во поглед на досудениот износ за надоместок на нанесената штета. Со донесување и објавување на пресудата завршува граѓанскиот спор за надомест на штета во прв степен. Против пресуда донесена во прв степен странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од доставувањето на преписот на пресудата. Доколку изјавената жалба од незадоволната страна во спорот во прв степен против провостепената пресуда се одбие и првостепената пресуда се потврди од апелациониот – второстепениот суд, граѓанската постапка за надомест на штета е конечно завршена.

Како краен заклучок од анализирањето на законските одредби во македонското право со кои е уредена штетата и нејзиниот надоместок е тоа дека во нашиот правен систем постојат два основни вида на одговорност, и тоа: одговорност врз основа на вина и одговорност без основа на вина. Постојат и други видови на одговорност, кои во Законот за облигационите односи се уредени како посебни видови на одговорност, а се сведени на субјективна или објективна одговорност.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Австриски Општ граѓански законик од 1811 година
2. Службен лист на ФНРЈ, бр. 86/46
3. Збирка на одлуки на врховните судови 1945-1952, книга I, Белград, 1951
4. Зборник на граѓанските закони на стара Југославија, Титовград, 1960
5. Енциклопедија на имотното право (прв том), Белград, 1978
6. Српскиот граѓански законик од 1894
7. Кукољац М., Раличиќ Т. (1969). Прирачник од судска пракса на позитивните прописи и правните институти од областа на граѓанското право. Белград
8. Службен лист на ФНРЈ бр. 15/1954
9. Устав на СФРЈ
10. Законот за облигациони одоси на Република Македонија од 1978 година
11. Закон за облигациони односни на Република Македонија од 2001 година
12. Галев Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2009). Облигационо право. Скопје: ЦЕППЕ
13. Групче А. (1985). Имотно (Граѓанско) право, Општ дел. Скопје: Култура
14. Чавдар К., Чавдар К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи, Трето издание. Скопје: Академик
15. Кривичен законик на Република Македонија од 1996 година
16. Закон за работни односи на Република Македонија од 2015 година
17. Капор А. (1957). Облигационо право – според белешките од предавањата на проф. д-р М. Константиновиќ. Белград
18. Бикиќ А. (2007). Облигационо право, општ дел. Сараево
19. Лоза Б. (2000). Облигационо право, општ дел. Белград
20. Вуковиќ М. (1971). Одговорност за штета. Загреб
21. Principles of European Tort Law, Title II: General conditions of Liability
22. Радевска М. (2015). Историски и компаративен развој на граѓанско-правната одговорност за причинета штета. Тетово
23. Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки од 1980 година
24. Стојкоска А. (2018). Штета, надомест на штета со посебен осврт на штета случена при сообраќајна незгода. Битола

25. Црниќ И. (2006). Статија „Права особности правне особе” во списанието „Право и господарству” бр. 4/06
26. Визнер Б. (1978). Коментар на Законот за облигационите односи, книга втора. Загреб
27. Закон за радиодифузна дејност на Република Македонија од 2005 година
28. Јаксиќ С. (1957). Облигационо право, општ дел. Сараево
29. Радевска М. (2017). Критериуми за утврдување на нематеријална штета во нашето и споредбеното право. Штип
30. Камбовски В. (2016). Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Второ издание. Скопје: Матица
31. Камбовски В. (2004). Казнено право, општ дел. Скопје: Култура
32. Закон за кривична постапка на Република Македонија од 2010 година
33. Тромбева Т., Витларов П., Јанкуловска Д. и др. (2018). Коментар на Законот за кривична постапка. Скопје: Полиестердеј
34. Шкулиќ М. (2007). Коментар на законот за кривична постапка. Службен весник 2007
35. Павишиќ В. (2013). Коментар на Законот за кривична постапка. Ријека
36. Закон за обезбедување на побарувања на Република Македонија од 2007 година
37. Закон за парнична постапка на Република Македонија од 2011 година
38. Чавдар К., Чавдар К. (2011). Коментар на Законот за парничната постапка, Второ издание. Скопје: Академик
39. Јаневски А., Зороска Камиловска Т. (2012). Граѓанско процесно право - книга прва, Парнично право, второ изменето и дополнето издание. Скопје
40. Стојановиќ З. (2003). Кривично право, општ дел, седмо издание. Белград
41. Кларић П. (2003). Отштетно право. Загреб
42. Дукоски С. (2016). Облигационо право – договори. Кичево
43. Буковаќ М. (2016). Функција на правичен паричен надоместок. Ријека
44. Шкулиќ М. (2008). Кривично процесно право, општ дел. Белград
45. Шкулиќ М. (2009). Кривично процесно право, посебен дел. Белград